МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 196
Февруари 2026



Заклетва на новопримените професионални војници

ЈОКА – четириножен ветеран со големо срце

„Фокс“ – возило за брза реакција

ISSN 1857-6710
9 771857 671002



# 18 години од загубата на еди

Со длабока почит и достоинство беше одбележана 18-годишнината од една од најтрагичните несреќи во историјата на македонското Воено воздухопловство. Министерот за одбрана Владо Мисајловски и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, положија венец со свежо цвеќе на спомен-обележјето кај Катлановско Блаце, во чест на единаесеттемина припадници на воздухопловниот ВИНГ кои ги загубија животите при враќањето од мировната мисија АЛТЕА во Босна и Херцеговина.

Хеликоптерската несреќа се случи пред осумнаесет години, кога воениот хеликоптер на Армијата се урна при слетување во реонот на Катлановско Блаце. Во леталото се наоѓаа припадници на Армијата, кои по завршување на нивните задачи во рамките на меѓународната мировна мисија се враќаа во татковината.

Министерот Мисајловски истакна дека нивната мисија била благородна и дека тие никогаш нема да бидат заборавени, бидејќи со своите дела покажале како се сака државата и татковината.

Почит на загинатите им оддадоа и членовите на нивните семејства, кои и после осумнаесет години, со болка, но и со гордост се сеќаваат на своите најблиски. Венци со свежо цвеќе положија и делегации од Командата за операции, Првата пешадиска бригада, воздухопловниот ВИНГ, како и претставници од општина Петровец.











# наесетте македонски војници

Комеморативни активности беа одржани и во касарната „НХ Страшо Пинџур“ во Петровец, каде припадниците на воздухопловниот ВИНГ со едноминутно молчење им оддадоа почит на своите загинати колеги. Истовремено, во Меморијалниот парк во кампот „Бутмир“ во Сараево, каде што македонските војници беа дел од мисијата АЛТЕА, беше организирана пригодна церемонија во нивна чест.

Во оваа хеликоптерска несреќа која се случи пред осумнаесет години трагично загинаа: потполковник Тони Спасовски, мајор Горан Ристовски, капетаните Бране Спасовски и Игор Ѓорески, наредниците Славчо Василев и Тони Давитковски, постарите водници Јанко Шириќ и Александар Тасковски, водниците Мики Ивановски и Александар Васиќ, како и десетарот Златко Вељаноски. Тие беа дел од генерацијата војници кои гордо ја претставуваа Македонија во меѓународни мисии, вложувајќи го своето знаење и искуство во служба на светскиот мир. Нивната загуба претставува длабока рана, не само за нивните семејства туку и за целата држава.

И после осумнаесет години, нивната жртва останува силен потсетник за храброста и за ризиците што ги носи воената служба, потсетник дека припадниците на Армијата секојдневно се подготвени да го стават сопствениот живот во служба на татковината и на меѓународниот мир.■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија


Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов


Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)


м-р Ксенија Митева (лектор)


Борче Лозановски (новинар)


Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Фокус Принт Дооел“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот и
на web-страницата на
Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит


16


20

# содржина

ШТИТ | година XVIII | број 196 | февруари 2026


Инфо
**Референирање за состојбата на борбената готовност на Армијата** ........ 6

Глобал
**Внатрешната безбедност како стратешка слабост на Иран** ........ 12

Воена едукација
**Уметноста на модерното лидерство** ........ 16

Безбедност
**Воено-општествени односи** ........ 20

Глобал
**„Dassault Rafale“ – стратешкиот адут на француската воена авијација** ........ 22

Вооружување
**Самоодна хаубица „M109 Paladin“** ........ 27

Воена едукација
**„ Фокс“ – возило за брза реакција** ........ 32

Геополитика
**Битката за вулканскиот остров Ајво Џима – клучна точка во војната на Пацификот во Втората светска војна** ........ 36

Историја
**Настаните на Скопското кале** ........ 40

Воена историја
**Симбол на нескршливиот дух на македонскиот борец** ........ 42

Здравство
**Воена исхрана** ........ 48

Спорт
**Најдобар голман во регионот** ........ 54

Филм
**„Број 24“** ........ 58



42


52

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

## ВОВЕД

*Февруарскиот поход е симбол на нескршливиот дух на македонскиот борец. Походот претставува една од најсилните историски и морални референци во колективната меморија на македонскиот народ. Овој поход не е само воен настан, туку сведоштво за истрајноста, пожртвуваноста и непокорот на македонскиот борец, кој и во најсуровите услови знаел да ја стави татковината над личниот живот. Февруарскиот поход ја отсликува суштината на македонската борбена традиција, борба водена со срце, со верба и со непоколеблива решителност да се истрае докрај. Тој историски дух, обликуван низ децении страдања и победи, и денес продолжува да живее во редовите на современата армија.*

*Заклетвата на новопримените професионални војници на служба во Армијата претставува жив доказ дека идеалите на минатото не се заборавени, туку се пренесуваат на новите генерации бранители на државата. Со положувањето на свечената заклетва, младите војници не преземаат само професионална обврска, туку и морална одговорност да ја чуваат слободата, суверенитетот и безбедноста на Република Македонија, следејќи го патот на оние кои пред нив ја носеле униформата со чест и гордост. Истовремено, одбележувањето на 18-годишнината од загубата на единаесетте македонски војници нѐ потсетува на суровата реалност, дека службата во Армијата не е без ризик и дека највисоката форма на љубов кон татковината е подготвеноста за жртвување.* ■

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk



# Реферирање за состојбата на борбената готовност на Армијата

Во касарната „Чеде Филиповски-Даме“ во Кичево беше реализирано годишното реферирање за борбената готовност, на кое командантите на првопотчинетите команди и единици на Генералштабот на Армијата реферираа пред началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски.

Во рамките на реферирањето, командантите презентираа информации за состојбите во областа на персоналот, обуката, вежбите, опремувањето, инфраструктурата, воено планирање, структурата на силите, модернизацијата, операциите, како и буџетирањето и финансирањето. Дополнително, беа презентирани и ангажирањата на Армијата во услови на кризна состојба, како и позитивните достигнувања остварени во 2025 година и нивното влијание врз нивото на борбената готовност.

На крајот од реферирањето, генерал-мајор Лафчиски ги изнесе своите заклучоци од презентираните состојби и даде насоки за понатамошно унапредување на борбената готовност на Армијата.

Во рамките на денешната активност, генерал-мајор Лафчиски го потпиша и Правилото за хаубица „Боран 105 мм“, документ кој ги уредува одредбите за описот на хаубицата, должностите и постапките на персоналот што ракува со неа, како и начинот на одржување на орудието. ■





# Проштална средба на министерот Мисајловски и началникот на Генералштабот на Армијата Лафчиски со амбасадорката на САД, Анџела Агелер

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, во Министерството за одбрана, заедно со началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, оствари проштална средба со амбасадорката на Соединетите Американски Држави, Анџела Агелер, на која присуствуваше и одбранбеното аташе, Даниел Скваерс.

За време на средбата, министерот Мисајловски истакна дека во изминатиов период соработката со амбасадорката Агелер и со Амбасадата на САД беше на одлично ниво и благодарение на ова стратешко партнерство кое го имаат нашите две земји, соработката во континуитет се унапредува. По повод завршувањето на мандатот на амбасадорката Агелер, Мисајловски изрази благодарност за нејзината професионална поддршка, искрена посветеност и личен ангажман, што придонесе за продлабочување на нашето меѓусебно разбирање и пријателство и даде дополнителен импулс во градењето на ова важно партнерство и ѝ посака успех и лично исполнување во понатамошната кариера.

Мисајловски додаде дека од особена важност е улогата и континуираната поддршка од САД за развој на одбранбените капацитети кои се столбот на мирот и безбедноста на државата, но и на поширокиот регион, што претставува дополнителна придобивка за воспоставениот имиџ на Министерството за одбрана и на македонската Армија во рамките на НАТО Алијансата и пошироко.

Началникот на Генералштабот, генералот Лафчиски, изрази искрена благодарност до амбасадорката Агелер, истакнувајќи дека значителен дел од зацртаните цели во билатералната одбранбена соработка успешно се реализирани за време на нејзиниот мандат. Генералот ја потенцираше и одличната соработка меѓу Армијата и Вооружените сили на САД, која се реализира преку бројни програми за поддршка во различни области на одбраната кои придонесуваат за зајакнување на интероперабилноста помеѓу двете армии.

„Еден од најголемите дарови во животот е кога ќе имаш можност да работиш со луѓе кои не само што ти се допаѓаат, туку и кои искрено ги почитуваш и од коишто учиш. Сакам да нагласам дека со министерот Мисајловски, со началникот Лафчиски и со сите ваши соработници имавме можност да работиме заедно на прашања кои се од големо значење за НАТО и за регионот, и јас ви се заблагодарувам на сите за поддршката за време на мојот мандат“, нагласи амбасадорката Агелер. ■






# Свеченост по повод заклетвата на новопримените професионални војници во Армијата

Со воена свеченост во Командата за обука и доктрини во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес, заклетва дадоа новопримените професионални војници на служба во Армијата.

Министерот Мисајловски во своето обраќање истакна дека заклетвата на професионалните војници не е само формален чин, туку ветување за заштита на државата и граѓаните. „Со давањето на свечената заклетва вие направивте суштински исчекор во вашите животи. Тоа не се само зборови, туку ветување кое ве поврзува со народот и со татковината, дека токму вие ќе бидете штитот на државата“, рече министерот Мисајловски и додаде дека професионалните војници имаат чест да бидат дел од институцијата која претставува едно големо армиско семејство.

Министерот Мисајловски порача дека Министерството за одбрана и Генералштабот продолжуваат заедно да работат на подобрување на условите за работа и унапредување на правата на припадниците на Армијата, со цел создавање силна, мотивирана и професионална армија, подготвена да одговори на сите предизвици и да ги штити граѓаните и државата.

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во своето обраќање истакна: „Денеска вие ја потврдувате вашата решителност, љубовта кон татковината и интересот за војничката професија и ќе служите на нешто што е најсвето, единствено и неповторливо“.

Навраќајќи се кон предизвиците кои ги очекуваат, генералот Лафчиски посочи дека стапувањето во армија на земја членка на НАТО Алијансата



е привилегија, додавајќи: „Пред вас се отвораат можности за постојано усовршување, учење од најдобрите, споделување искуства и учество во меѓународни мисии, каде што ќе можете да ги демонстрирате вашите вештини и професионализам, како и да ја презентирате подготвеноста и посветеноста на македонските војници“.

Командантот на Командата за обука и доктрини, бригаден генерал Лулзим Нуредини, во оваа прилика посочи: „Со давањето на свечената заклетва, официјално стапувате во активна воена служба и преземате уставна, законска и морална обврска кон Армијата и државата“, потенцирајќи: „Оваа обврска започнува денес и трае во текот на целата ваша војничка кариера“.

На заклетвата на новопримените професионални војници присуствуваа и заменик-началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар во Министерството за одбрана, Елизабета Чуповска-Ристова, директорот на Генералштабот на Армијата, бригаден генерал Орце Јордев, командантот на 1. пешадиска бригада, бригаден генерал Дејан Чиплаковски, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, како и роднини и членови на семејствата на новопримените професионални војници.■









# Началникот на Генералштабот на Армијата на состанок на Воениот комитет на НАТО

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, учествуваше на редовниот состанок на Воениот комитет на НАТО во формат на началници на Генералштабови од земјите членки на НАТО и партнерите.

Со состанокот претседаваше претседателот на Воениот комитет на НАТО, адмирал Џузепе Каво Драгон. На состанокот се обрати генералниот секретар на НАТО, Марк Руте, кој упати благодарност до учесниците на состанокот за континуираната поддршка и јасното лидерство во зајакнувањето на сојузничкото одвраќање и одбрана.

Во рамките на состанокот, генералот Лафчиски активно учествуваше во дискусиите за прашањата поврзани со глобалните безбедносни предизвици, за подготвеноста на Алијансата за одвраќање и одбрана, за интероперабилноста, заканите, ризиците и предизвиците, како и за соработката со земјите партнери.

Во своето излагање тој ја потенцираше посветеноста на Армијата кон регионалната безбедност преку учеството во мировни мисии, операции и НАТО активности во странство, пред сѐ во мисијата на НАТО во Косово (КФОР), ЕУ операцијата „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина, како и во НАТО активноста „Forward Land Forces – FLF “во Бугарија и Романија.

Во оваа прилика генералот Лафчиски се осврна и на националната вежба „Блесок 26“, која ќе се фокусира на оценувањето на ЛПБГ, како наша примарна НАТО цел на способност. Вежбата ќе послужи и како платформа за усогласување на националните и НАТО обврските. Дополнително беше потенцирано зајакнувањето на подготвеноста на Армијата преку континуирана модернизација и опремување.

На маргините на состанокот, генералот Лафчиски оствари билатерална средба со началникот на Генералштабот на Унгарија, генерал Габор Беренди, на која се разговараше за продлабочување на билатералната воена соработка, со акцент на заедничките обуки помеѓу припадниците на Армијата и унгарските вооружени сили, како и за можностите за опремување и модернизација.

Во рамки на престојот во Кралството Белгија, генералот Лафчиски оствари средба и со припадниците на Армијата распоредени во Националното воено претставништво на Република Северна Македонија во НАТО штабот во Брисел.

На состанокот, со кој претседаваше претседателот на Воениот комитет на НАТО, адмирал Џузепе Каво Драгоне, покрај генералот Алексис Г. Гринкевич и командантот, адмирал Пиер Вандие, учествуваа и началниците на генералштабовите на 32-те земји членки на НАТО, како и претставници од индопацифичките партнери на НАТО, Грузија и Украина. ■



# Интензивни активности на Организацијата на резервни офицери на Македонија

Организацијата на резервни офицери на Македонија (ОРОРСМ) беше домаќин на четиричлена делегација на резервните офицери од Албанија, предводена од претседателот на НАМРА, потполковник Хамит Гојани. Делегацијата, ден претходно, оствари работна средба со резервните офицери на Бугарија.

Средбата се одржа во седиштето на ОРОРСМ во Скопје, каде беа разменети информации и искуства за функционирањето на двете организации, како и начелни договори за учество на заеднички активности и натпревари. Беа разменети и официјални покани за учество на јубилејни настани: 30-годишнината од формирањето на НАМРА на 8 април и 74-годишнината на ОРОРСМ на 29 април 2026 година.

Претседателот на ОРОРСМ, Драгољуб Столески, му врачи плакета на претседателот на НАМРА за досегашната успешна соработка и меѓусебната поддршка на меѓународно ниво. После средбата албанската делегација ги посети Спомен-куќата на Мајка Тереза и Домот на Армијата.

Собранието на ОРОРСМ ја одржа својата трета седница во Домот на Армијата во Скопје. На почетокот на седницата присуствуваше началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, кој ги поздрави присутните и истакна дека Организацијата и понатаму ќе има целосна поддршка од Министерството за одбрана и Генералштабот за реализација на своите активности, особено во делот на обуката на резервните офицери и подофицери.

Во работниот дел од седницата, по формирањето на работните тела, се дискутираше за измените и дополнувањата на Статутот на ОРОРСМ. Претседателот Столески даде поопширно образложение, по што Статутот беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

Во кабинетот на градоначалникот на Општина Кичево, д-р Александар Јовановски, се одржа средба со претседателот на ОРОРСМ Драгољуб Столески и со претседателот на локалната организациона единица Зоран Никодиноски. На средбата се разговараше за зајакнување на меѓусебната соработка, за реализација на заеднички активности во областа на одбраната и заштитата, како и за заедничко одбележување на значајни историски настани.

Средбата заврши со потпишување на Меморандум за соработка, а градоначалникот додели просторија за функционирање на Општинската организациона единица на ОРОРСМ во Кичево. ■





Пишува: Тони Мицевски



# ВНАТРЕШНАТА БЕЗБЕДНОСТ КАКО СТРАТЕШКА СЛАБОСТ НА ИРАН



Пишува: д-р Ненад Танески

Исламска Република Иран претставува еден од најкомплексните политички и безбедносни актери на современата меѓународна сцена. Актуелните случувања во Иран, обележани со масовни протести, жестока репресија и зголемен меѓународен притисок, не можат да се толкуваат изолирано од историскиот развој на иранската држава после 1979 година. Денешната криза е резултат на долгорочна акумулација на политички, економски и социјални противречности, вградени во самиот модел на Исламската Република. Иран е држава што функционира во постојана состојба на револуционерна мобилизација, при што безбедноста на режимот има примат над индивидуалните слободи и економската ефикасност. Овој модел, кој со децении обезбедуваше стабилност преку идеолошка кохезија и репресивен апарат, денес се соочува со сериозна ерозија на легитимитетот.

Современата политичка траекторија на Иран започнува со Исламската револуција во 1979 година, која го урна режимот на шахот Мохамед Реза Пахлави. Иако режимот на шахот беше авторитарен, тој се темелеше на модернизација, секуларизација и силна поврзаност со Западот. Овие политики, комбинирани со социјална нееднаквост и репресија, создадоа услови за масовно народно незадоволство. Револуцијата, предводена од ајатолахот Рухолах Хомеини, воведе уникатен политички систем –„ велајат е факих" (владеење на исламскиот правник), во кој врховниот верски авторитет го има последниот збор во сите клучни државни прашања. Со овој политички систем Иран стана теократска република со ограничен плурализам и силен безбедносен апарат.

Иранско-ирачката војна (1980 – 1988) претставува клучен момент во консолидирањето на режимот. Осумгодишниот конфликт создаде „опсаден менталитет", при што безбедноста и лојалноста кон режимот станаа врвни вредности. Во овој период се зајакна Исламската ре-

волуционерна гарда, која од воена формација прерасна во централна политичко-економска сила. Војната ја легитимираше репресијата, ја маргинализираше опозицијата и ја вгради перцепцијата дека Иран е постојано загрозен од надворешни непријатели – наратив кој и денес се користи за оправдување на внатрешната контрола. Изборот на Мохамед Хатами за претседател на Исламска Република Иран во 1997 година претставуваше еден од најзначајните политички пресврти после Исламската револуција. Неговата убедлива изборна победа, со голема поддршка од младите, жените и урбаната средна класа, беше одраз на акумулираната потреба за промена во рамките на постојниот систем. Хатами настапи со концептот на „исламска демократија", промовирајќи идеи за владеење на правото, граѓанско општество, слобода на изразување и дијалог со меѓународната заедница, без формално да ги доведе во прашање темелите на Исламската Република.



На почетокот реформскиот проект создаде реални очекувања за постепена трансформација на системот. Беа отворени нови медиуми, се зголеми улогата на интелектуалните кругови, а јавниот дискурс стана поотворен и плуралистички. Меѓутоа, овие процеси наидоа на силен отпор од конзервативните центри на моќ, кои во реформите гледаа закана за идеолошката кохезија и сопствените институционални позиции. Клучниот проблем на реформската агенда беше нејзината структурна ограниченост. Иако претседателот и парламентот имаа демократски легитимитет, вистинската моќ била концентрирана во нереформибилните институции: Советот на чуварите, судството, канцеларијата на врховниот лидер и безбедносните структури, вклучително и Исламската револуционерна гарда. Советот на чуварите систематски ги блокираше реформските закони, ги дисквалификуваше реформски ориентираните кандидати и ја неутрализираше секоја иницијатива што можеше да доведе до суштинска промена.

Паралелно со институционалната блокада, реформското движење се соочи и со репресивен одговор. Голем број независни медиуми беа затворени, новинари и интелектуалци беа приведувани или заплашувани, а безбедносните служби постепено го зајакнуваа контролниот механизам. Овие процеси ја демонстрираа ограничената моќ на избраните институции во рамките на теократскиот систем и ја потврдија доминацијата на безбедносно-идеолошкиот апарат. Неуспехот на реформите имаше длабоки општествени последици. Младата генерација која го поддржа Хатами, надевајќи се на системска промена однатре, почна да ја губи вербата во можноста за еволутивна трансформација. Оваа генерациска фрустрација создаде трајна политичка апатија, но и потенцијал за радикализација, што подоцна ќе се манифестира во поостри и поотворени форми на отпор. Од поширока перспектива, периодот од 1997 до 2005 година претставуваше пропуштена историска можност за мирна и контролирана трансформација на иранскиот политички систем. Наместо тоа, системската блокада на реформите ја зацврсти позицијата на тврдата линија, ја милитаризираше политиката и го отвори патот за подем на порадикални актери. Овој неуспех директно придонесе за продлабочување на јазот меѓу државата и општеството и ја постави основата за повторувачките протестни циклуси што ќе следат во наредните децении.

Актуелните протести во Иран не претставуваат изолиран или спонтан настан, туку се дел од поширок и континуиран циклус на народни востанија кои постепено го еродираат легитимитетот на Исламската Република. Овие протестни бранови се развиваа во различни политички, економски и социјални контексти, но сите имаат заедничка карактеристика: прогресивно слабеење на довербата во можноста системот да се реформира преку институционални и компромисни механизми. Зеленото движење од 2009 година претставуваше прв сериозен масовен предизвик за режимот после периодот на реформите. Протестите беа поттикнати од сомнежите за изборна измама на претседателските избори и имаа јасно изразена политичка и институционална димензија. Учесниците, главно припадници на урбаната средна класа, интелектуалците и студентите, бараа транспарентност, почитување на изборната волја и враќање кон реформската агенда. Иако движењето директно не го оспоруваше системот на Исламската Република, бруталниот одговор на безбедносните сили јасно покажа дека режимот нема толеранција ниту за ограничена политичка опозиција. Поразот на Зеленото движење ја уништи и последната илузија дека изборниот процес може да биде реален инструмент за промена. ■

Продолжува...




# АНАЛИЗА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА САД



Пишува: д-р Златко Кузманов

После десет месеци од преземањето на власта на новата администрација на претседателот на Соединетите Американски држави (САД), Доналд Трамп, го дочекавме и донесувањето на нова Стратегија за национална безбедност (National Security Strategy of the United States of America, November 2025). Вообичаено е секоја нова владејачка администрација во Вашингтон да донесува нова СНБ. Па, така, во последните 24 години, почнувајќи од 2002 година, ова ќе биде седма по ред одобрена Стратегија за национална безбедност на САД.

Се работи за многу важен, коплексен и конретен стратегиски документ во кој се разработени целите, средствата и главните начини за остварување на основните национални интереси. Преку Стратегијата за национална безбедност (СНБ), практично, владејачката администрација на САД се прашува: Што сакаме во и од светот? Пред да навлеземе во посуштинска анализа на самата содржина, ќе истакнеме дека документот има вкупно 33 страници, а самата содржина опфаќа 29 страници текст. Претпоставуваме дека на авторите на СНБ не им било лесно да ги задоволат сите барања, особено посебниот стил на претседателот Трамп, бидејќи е сосема јасно дека претседателот Трамп не води стандардна или традиционална политика. Тој, особено во надворешната политика се потпира на неконвенционална дипломатија, при што наизменично ги користи воената моќ на Америка и економската предност, со главниот мотивирачки слоган, „Америка на прво место“.

Во оваа СНБ карактеристична е терминологијата која се користи кога се зборува за САД, всушност многу често се користи терминот „Западната хемисфера“ или само „Америка“, а тоа се однесува најдиректно за самите САД. Од содржинскиот простор кој е даден за секоја глава и подглавите, всушност се уочува што е тежиштето на авторите на СНБ и кои области и региони се со поголем и помал интерес и значење. Така, во главата за важните региони во светот, за Западната хемисфера има посебни 4 страници, покрај тоа што за неа се зборува и во првите три глави. Во СНБ јасно се уочува, дека администрацијата на САД се обидува на пореалистичен начин да ги согледа и да ги опише состојбите во меѓународната политика, дека меѓународниот поредок се менува, дека лидерството на САД како

најголема економска и воена сила е загрозено, пред сè од Кина. Главните противници на САД не се рангирани и означени како „непријатели“, туку се зборува за ривалство, за загрозување на економската моќ на САД и за неодложната потреба за сеопфатно ангажирање на САД за да ја задржат водечката улога во светот. Се истакнува дека нејзините напори треба да бидат фокусирани и да се одредат приоритетите кон кои ќе се ангажираат најзините главни политички, економски и воени потенцијали. Несомнено, како главен приоритет е одредено нејзиното предворје – Западната хемисфера, а на второ место е регионот на Индопацификот.

Во Првата глава, со наслов „Вовед – Што е американска стратегија?“ има две подглави: Како залута американската стратегија и Неопходната, добредојдена корекција на претседателот Трамп. Во подглавите е објаснето што значи СНБ, како и тоа дека целта на надворешната политика е заштита на основните национални интереси. Се дава критички осврт за преширокото дефинирање на целите во претходните СНБ и дека претседателот Трамп и неговата нова администрација „успешно ги мобилизирале силните страни на Америка, за да го поправат курсот и да започнат да воведуваат ново златно доба за САД.“

Втората глава, насловена како „Што треба да сакаат САД?“, исто така има две подглави: Што сакаме севкупно и Што сакаме во и од светот? Во подглавата „Што сакаме севкупно“ се наброени посакуваните состојби кои се однесуваат на опстанокот и безбедноста на САД, на заштитата на нејзината територија, како да се има целосна контрола на границите и врз имигранскиот систем, отпорна национална инфраструктура, најмоќна војска во светот, најмодерно нуклеарно вооружување и ракетна одбрана, најнапредна економија, да одржува неспоредлива „мека моќ“ и да се обнови американското духовно и културно здравје. Во подглавата „Што сакаме во и од светот“ се потенцира дека во Западната хемисфера треба да се спречи масовна миграција, да биде хемисфера чии влади ќе соработуват со САД, хемисфера ослободена од странски упади и сопствености, да се осигура пристап до клучните стратегии, да се зачува слободата на пловидбата во сите клучни морски патишта, особено во Индопацификот, да бидат поддржани сојузниците во Европа за да ја зачуваат слободата и безбедноста, да се спречи непријателски сили да доминираат со Блискиот Исток и да се осигура дека американската технологија ќе го движи светот напред.

Во Третата глава се поставува прашањето: Со кои средства располага Америка за да го добие она што го сака и да ја задржи водечката позиција во светот. Одговорот ги опфаќа следните средства, ресурси и предности: сè уште агилен политички систем; најголема и најиновативна економија; водечки финансиски системи; најмоќна и најспособна војска во светот; широка мрежа на сојузи и партнерства во стратешки најважните региони во светот; граници без ризик од воена инвазија од други големи сили, разделени со океани; неспоредлива „мека моќ“ и културно влијание; реиндустријализација на економијата; храброст, волја и патриотизам на американскиот народ.

Четвртата глава, „Стратегија – принципи, приоритети и региони“, е секако најопширна и зафаќа 20 страници во СНБ. Во оваа глава најдобро се согледува и каква „непредвидлива надворешна политика“ води претседателот на САД, со следната констатација:„ Таа е прагматична, без да се биде прагматичар, реалистична, без да се биде реалист, принципиелна, без да се биде идеалист, мускулеста, без да се биде „јастреб“ и воздржана, без да се биде „мирен“. Во делот на основните принципи за водење на меѓународната политика, покарактеристични се следните: мир преку сила; предиспозиција кон неинтервенционизам, но строго придржување не е можно; флексибилен реализам - да се стремат кон добри и мирни комерцијални односи со државите, без да им наметнуваат демократски или други општествени промени кои многу се разликуваат од нивните традиции и историии (што гледаме дека, сепак, не се спроведува доследно); рамнотежа на моќта.

Што се однесува до приритетите во СНБ на САД, како порактеристични би ги истакнале: ерата на масовна миграција е завршена; споделување на товарот и префрлање на товарот и економска безбедност. Доаѓаме можеби и до најинтересниот дел во СНБ, кој се однесува на значењето на одредени региони во светот за САД. Заради ограничениот простор за обемот на трудот, ќе ги искоментираме само најважните. Секако, на прво место се наоѓа Западната хемисфера. Се предлагаат низа мерки и активности за вклучување на што повеќе држави и за проширување на партнерствата, како и за намалување и поништување на странското влијание, зајакнување на економските врски, поголеми вложувања, инвестиции и пристап до стратешките енергенси и до ретките минерали. Следен регион кој е опфатен е Азија, односно Индопацификот. Тука, во СНБ, се приоѓа со една пореалистична кованица која гласи: „Да се освои економската иднина, а да се спречи воена конфронтација“. Секако, најголем простор е посветен на Кина. Објаснет е економскиот подем на Кина и даден е критички осврт за претходните погрешни политики на САД кон Кина. Многу јасно е наведено значењето на овој регион за светската економија. Се става тежиштe на ширењето и зајкнувањето на економските и одбранбените сојузи и партнерства со државите во јужна, југоисточна и источна Азија и во Пацификот.

Можеме да сублимираме дека владејачката администрација на претседателот на САД, преку оваа СНБ многу јасно ги одредува своите основни национални интереси и потребата тие да бидат заштитени со сите елементи на националната моќ и сила. Преку принципите и приоритетите во СНБ гледаме дека САД ги насочуваат своите главни сили и средства за средување на состојбите во „својот двор и во неговото предворје“ – Западната хемисфера. Втор приоритет ќе биде Индопацификот, па понатаму останатите региони во светот. Гледаме недвосмислени заложби да ги убедат партнерските држави и сојузници, најсериозно да преземат поголема одговорност за сопствената и регионалната безбедност. ■



# Уметноста на модерното лидерство



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

## Водење со цел

Ефикасниот лидер започнува со создавање визија што сите ја разбираат и ја прифаќаат. Ова чувство на насоченост функционира како ориентациски инструмент и за долгорочните стратегии и за секојдневните задачи. Кога е прецизно и транспарентно пренесена, таа визија ги претвора општите идеи во заеднички чекори што ги инспирираат луѓето да дејствуваат сигурно и фокусирано.

Лидерите што ги поврзуваат рутинските задолженија со поголемите цели им овозможуваат на своите тимови да ја согледаат важноста на секоја активност. Оваа поврзаност им дава смисла на секојдневните процеси, го зголемува вниманието и поддржува стабилно извршување. Така, секој член се чувствува како значаен дел од пошироката мисија.

Овие лидери понатаму ја зајакнуваат оваа основа преку воспоставување јасни стандарди што не оставаат место за недоразбирање. Прецизните очекувања создаваат доверба, чувство на должност и професионална средина во која секој знае што се бара од него. Тие стануваат столб врз кој тимовите градат сигурност и висок квалитет.

## Развој на личности, а не само на процеси

Во својата суштина лидерството е ориентирано кон развој на личности. Компетентните лидери вложуваат труд во давање насоки и поддршка, приспособени на индивидуалните силни страни и потреби. На тој начин лидерите им овозможуваат на луѓето да се усовршуваат, да ги надминат ограничувањата и да го искусат својот целосен потенцијал.

Искрената грижа за тимот е уште една клучна карактеристика. Лидерите кои покажуваат разбирање градат средина во која членовите се чувствуваат важни, охрабрени и слободни да

се изразат. Овој вид грижа создава емоционална стабилност, која ја зголемува отпорноста и го поттикнува заемното почитување.

Пренесувањето на лични искуства ја збогатува културата на учење, го доближува лидерот до тимот, ги намалува генерациските разлики и го забрзува развојот на членовите. Овие спонтано споделени лекции често создаваат силна доверба и даваат вредни сознанија кои формалната обука тешко може да ги замени.

## Генерацискиот јаз, предизвик за модерното лидерство

Во современата армија, генерациската разлика претставува значителен предизвик, особено во најниските нивоа – водовите. Кога ќе се земе предвид дека командирите на вод најчесто се млади офицери со одлична теоретска подготовка, а првите подофицери и командирите на одделенија се искусни професионалци со долгогодишно практично знаење, природно се појавуваат разлики, формирани од генерацискиот јаз.

Голем број НАТО земји го решаваат ова преку заеднички обуки, курсеви и школувања за овие две категории лидери. Ваквиот пристап им овозможува на офицерите да стекнат практична перспектива, а на подофицерите да ги надградат своите теоретски познавања според современите академски програми. Во текот на овие активности се среќаваат различни стилови на лидерство: офицери коишто тежнеат кон дигитални решенија, разбирање и тимска хармонија, и подофицери кои се потпираат на личен пример, теренски алатки, влијание и работа според стандарди.

Македонската армија, слично на НАТО партнерите, активно го надминува овој јаз преку заеднички обуки на младите офицери и поискусните подофицери, што го зацврстува меѓусебното разбирање меѓу генерациите и нивните различни лидерски пристапи.



## Создавање динамична и ангажирана тимска средина

Работните средини се развиваат кога лидерите внесуваат елементи на заедништво, креативност и чувство на припадност. Кога луѓето се чувствуваат како дел од колективот, расте мотивацијата, ангажираноста и се намалува напнатоста, создавајќи позитивна атмосфера. Ова не ја нарушува професионалноста – напротив, ја зајакнува енергијата на тимот и го подигнува нивото на резултати.

Посветените лидери го негуваат развојот на компактни тимови. Кога постои заемна доверба и разбирање на улогите, соработката станува природна и ефективна. Компактен тим секогаш ќе постигне повеќе од група успешни индивидуалци.

Кога секое мислење се цени и секој индивидуалец во тимот може без страв да го искаже своето мислење, заедно со препознавањето на добрата работа, се создава амбиент во кој луѓето сакаат да дадат повеќе од потребното. Поттикнувањето на отворена комуникација обезбедува различните идеи да водат кон подобри решенија, а наградите за квалитетно извршување ги зацврстуваат навиките што придонесуваат за долгорочен успех. Кога членовите се чувствуваат дека се сфатени и вреднувани, се зголемува и нивната лојалност и ефикасност.

Во денешни околности лидерството бара прецизност, сочувство и способност да се извлече најдоброто од секој човек. Оние лидери коишто ќе ги совладаат овие способности, не само што се водачи, туку го мотивираат целиот тим на учење, раст и подобрување. ■





# ВОЕНАТА ЕТИКА ВО СОВРЕМЕНОТО ВОЈУВАЊЕ (3)



Пишува: Виктор Крстевски

Воената етика е гранка на општата етика која како научна дисциплина го проучува меѓучовечкото однесување и го дели на лошо и добро. Поимот етика потекнува од религијата, обичаиите, традицијата, културата и многу други норми според кои живее една општествена заедница, која ваквите норми и ставови ги смета за свои и исправни според нивната општествена филозофија.

Човекот, според својата природа не е „самосоздаден војник“, туку инкорпорирањето на цивилното лице во воената организација подразбира градење на професионален однос спрема останатите припадници и работните задачи, како и развивање на професионална етика. Професионалната етика претставува кодекс на вредности: чесност, интегритет, одговорност, објективност, доверливост, лојалност и посветеност. Почитувањето на различностите (верски, етнички, полови, старосни и други) кај останатите припадници во еден колектив е етика на културата. Некои вредности и норми на однесување се интерпланетарни и меѓународни, и истите се опфатени со универзална (глобал-

на) етика која ги поврзува луѓето во сите сфери на живеењe.

Воената етика е посебена гранка на општата етика, која ја проучува феноменологијата на однесувањето на војникот во борба во однос на неговите морални дилеми, кога се соочува со насилство, уништување и смрт, обидувајќи се да даде одговор на прашањата дали е на праведната страна, како треба да се однесува кон непријателот, дали послушноста и извршувањето на наредбите е морален чин, дали уништувањето преку војната е цената со која треба да се плати посакуваниот мир кој никако да дојде бидејќи војната и нејзиниот хаос никако не завршуваат. Воената етика преку сет на правила треба да овозможи ограничување на употребата на воената сила, каде воената нужност нема суровоста на војната да ја претвори во варварство.

Воената етика може да се разбере преку објаснување на три клучни термини: реална војна, концепт на непријателот и морална суровост.

## Реална војна

Воените теории според природата на настанување и водење на воените операции, ги делат војните на праведни, превентивни и хуманитарни.

- Праведни војни. Според концептот за праведна војна, војната може да биде оправдана само ако е одбранбена, ако се исцрпени сите мировни средства и ако постои јасна дистинкција помеѓу борци и цивили. Во категоријата на праведни војни спаѓаат и војните кои се водат за ослободување и враќање на претходно одземени и анектирани територии по пат на окупација. Според Рицард Сорбаџи, единствено праведната војна е онаа војна која може да го оправда злосторството кое произлегува од нападот. Постојат пет критериуми според кои се дефинира дали една војна е праведна, и тоа: постоење на праведна причина, сите разумни обиди за мирно решавање на спорот треба да бидат исцрпени (војната треба да е последно решение), да биде одобрена од легитимната власт, војната не треба да ги влошува уште повеќе веќе влошените работи и целите на војната треба да се праведни и остварливи.
- Превентивна војна е војна во која една или повеќе држави (група држави или сојузи) ќе извршат воена интервенција спрема друга држава за која сметаат дека во блиска или далечна иднина, нападнатата држава поради нејзината агресивна експанзистичка политика развива или може да развие воени капацитети и да претставува фактор на загрозување, односно да изврши напад кон државата или сојузот кој ја спроведува воената кампања на превентивна војна. Превентината војна се води според концептот „Нападни пред да бидеш нападнат“, „Елиминирај ја опасноста пред да бидеш загрозен“, „Одложениот напад ќе предизвика повеќе штета отколку предвремениот“, „Нападни додека противникот е сè уште е слаб“ итн.

Постојат два вида на превентивна војна, и тоа превентивна војна против непосреден напад, позната како преемптивна војна (preemptive strike), со предвремен воен удрар да се елиминира воена закана која само што не започнала (пример Израелско-арапската шестдневна војна од 1967 год.), и превентивна војна од некоја идна воена закана која е детерминирана врз сериозни военоразузнавачки и аналитички процени ( на пример, војната во Ирак во 2003 година како дел од воената кампања „Слобода за Ирак“).



- Хуманитарна војна е војна која не се води од националните државни интереси, се презема за заштита на недолжни лица, насочена е кон држава за која според известување од меѓународни мониторинг тимови постојат докази дека спроведува политика која предизвикува масовно страдање на цивили (геноцид, етничко чистење, масакри и воени злосторства), со цел истите да се спречат и прекинат (пример за хуманитарна војна е воената интервенција на НАТО во Косово 1999 година, во Либија 2011 г. и други). Меѓународната правна регулатива на хуманитарните воени интервенции е позната како Responsibility to Protect (R2P), каде што легитимитетот на ваквите воени акции го одобрува Советот за безбедност на ООН.
- Реалната војна е спротивна на воените теории според кои основата на секоја војна произлегува од условите за започнување на војната и легитимната причина за војување кои, пред сè, имаат цел политички да ги оправдаат воените кампањи и дејства во предподготвителна и подготвителна фаза пред националниот/државниот и меѓународниот фактор, поради добивање на меѓународна поддршка и избегнување на меѓународноправни последици кои би произлеглe од непочитувањето на военото право. Реалната војна има сопствена логика и динамика кои се спротивставени на моралот. Реалната војна ја опфаќа моменталната ситуација на боиштето каде што во хаосот на борбените дејства, војниците се соочуваат со ужасите на војната. Војникот не е борбена машина, туку жив човек со ментален емотивен склоп каде што емоциите на страв и агресија можат да достигнат невиден степен на суровост во обидот за елиминирање на непријателскиот војник како нужно зло од кое треба да се одбрани. Релната војна најдобро може да се согледа низ мислата на генералот Вилијам Тикамса Шерман: „Ако народот заплаче на моето варварство и суровост – тогаш ќе кажам дека војната е војна, затоа што војната е сурова и не можете да ја подобрите“.■



# ВОЕНО-ОПШТЕСТВЕНИ ОДНОСИ

Речиси сите податоци низ воената историја сведочат за тоа дека вооружените сили се наоѓале под „диригентската палка на главата на општествено“, или, многу одамна, под покровителство на кралот. Во демократските општества, или во другите политички системи, овие односи го претставуваат јавниот интерес, односно се јавна сила. Врската помеѓу војската и општеството е мошне комплексна и е во постојан, непрекинат развој. Многу зависи од тоа каква е природата на општеството и на кој начин тоа ја третира војската. Често се случува да биде прецenета за време на немири, а да се потцени во време на мир, скратувајќи и ги основните средства за одбрана. Ваквата врска е разгледувана од самата воена перспектива, од политичко-воена, од военоиндустриска и општествено-воена перспектива. Последната, општетсвено-воена перспектива, може да биде поделена на повеќе сегменти: сегменти кои и даваат постојана поддршка на војската, спротивно на оние кои сакаат да ја засенат нејзината улога, оние кои доброволно и пристапуваат, спротивно на оние кои се вклучуваат во воените редови без своја сопствена волја, цивилите во воените зони итн.

Вооружените сили и општествата во Централна и Источна Европа поминале низ драматични промени уште со падот на комунизмот, со значајни импликации за воено-општествените односи. Комунизмот во Советскиот Сојуз и Источна Европа продуцира одреден модел на воено- општествени односи. Четири декади после Втората светска војна, сите земји во регионот имале големи вооружени сили врз основа на задолжителна воена обврска. Како резултат на тоа, речиси сите возрасни мажи отслужиле воена служба. Војската, исто така, добила релативно голем дел од државните ресурси – значително повисок дел изразено во проценти во однос на Западот. Уште од тој период на вооружените сили се гледало како на општествено-обединувачка сила, којашто помага да се прекинат старите бариери помеѓу општествените класи и етничките групи.

Потребата за разбирањето и анализата на воено-општествените односи, постои во потребата за подобро разбирање на овие две клучни прашања: прво, причините зошто општествата поставуваат приоритети на нивните основни императиви , дали ќе бидат функционални или социо-политички и второ, кои се импликациите од тоа врз воено-општествените односи и нивната основа за воениот легитимитет.

Воено-општествените односи и науката за овие врски значително варираат од држава во држава. Различните модели на воено-општествени односи имаат различни импликации и предизвикуваат различни прашања и проблеми. Како и да е, екпертите потврдиле дека е возможно да се идентификуваат пет широки правила за војската, а секое правило има важни импликации и карактеристики за карактерот на воено-општествените односи во кој било определен контекст. Тоа се: 1. Националната безбедност (National Security); 2. Градители на нацијата (Nation Builder); 3. Одбранбен режим (RegimeDefence); 4. Национална/домашна воена помош (Domestic Military Assistance) и 5. Воена дипломатија (Military Diplomacy).

Улогите сами по себе се функционални – произлегуваат од функциите на војската, но се социо-политички во двете нивни импликации и конструкции. Улогите имаат влијание на воено-општествените односи на два различни начини. Прво, влијаат на природата на цивилите или на општествените перцепции за вооружените сили. Второ, влијаат на начинот на кој војската го перцепира општеството како дел од неа.

Постоечките тврдења за војската и општеството се фокусираат на две области. Првиот фокус покажува загриженост кој произлегува од степенот на поврзаност на војската со општеството. Вториот добива значење по завршувањето на Студената војна и се однесува на степенот на промени на меѓународниот, технолошкиот и општествениот развој, на самата природа на општествата и врските со нивните воени институции.

Дали војската има или нема „уникатна“ позиција во општеството, долго време било предмет во литературата за цивилно-воени односи. Едно од тврдењата е дека војските имаат право да бидат различни, што е резултат на потребата за борбена готовност, која бара посебни воени форми на организација. Алтернативно е потврдено дека воено-општествените односи се облик од потребата да се зачува домашниот извор на легитимитет од останатите во општеството на кои тоа е дел (таканаречениот социо-политички императив). За возврат, степенот со кој е прифатено дека војската „има право да биде различна“, има важни политички импликации, на пример, во односите на проширувањето на легислативата за цивилни и човекови права во воениот развој. Мартин Едмондс тврди дека, „според природата на воените задачи, од војниците е очекувано да имаат ‘неограничена одговорност’ и можноста да бидат повредени или убиени, што е речиси 'дефинициски' аспект на службата, што ги прави поразлични од другите институции во општеството“. Понатаму, Едмондс забележува дека вооружените сили имаат тенденција да се одразат на доминантните културни карактеристики на нивните општества. На крај, Едмондс тврди дека природата на воените односи со општеството најмногу зависи од „општествениот поглед на светот“, кој, пак, е под влијание на три клучни варијабли: прво, нивото на технологија и неговите поврзани предуслови – образованието, индустријализацијата и силата на економијата; второ, културата на општеството, вклучувајќи го и влијанието на историјата, традицијата и политичката идеологија и трето, социоекономската структура на општеството, а особено постоењето, природата и влијанието на елитите.

Воениот аналитичар Дандекер забележал дека, додека воените сили ги споделуваат „институционалните квалитети“, како што е потребата за тимска работа, лидерството и лојалноста кон организацијата и со други цивилни организации, нивната воено-борбена улога бара ниво на принудна воена дисциплина која ги издвојува. Ова е тој „функционален императив“ кој тврди дека војската секогаш ќе стои покрај цивилното општество.

Односите помеѓу вооружените сили и општеството, во историски и футуристички контекст, по дефиниција, можат да постојат без држава, национална безбедност и национализам. Ова може да се разгледува и како еволутивен процес. Која било ситуација каде што има алијанси, исто така има вметнато некој двоен идентитет на војската. (C.P.Danopoulos, D. Vajpeyl, A. Baroror, Civil-Military Relations, Nation-Builgind, and National Identity, LondonPraeger,2004, 52 стр.) ■





# „DASSAULT RAFALE“

## СТРАТЕШКИОТ АДУТ НА ФРАНЦУСКАТА ВОЕНА АВИЈАЦИЈА

Во денешниот свет, каде воздушната супериорност е клучен фактор не само во воената, туку и во политичката тежина на една држава, борбениот авион „Dassault Rafale“ се наметнува како симбол на технолошка зрелост и стратешка автономија. „Rafale“ не е само борбена платформа, тој е инструмент на национална одбрана, средство за меѓународно влијание и доказ дека Франција ја гради својата воена стратегија врз независност, флексибилност и оперативна ефикасност.

### Повеќенаменски дизајн за современи конфликти

„Rafale“ е платформа „сè во едно“ од т.н. 4,5 генерација, дизајнирана да извршува повеќе типови мисии: воздушна борба, напад на копнени и поморски цели, извидување, електронско војување и нуклеарно одвраќање.

Клучна предност: брзо приспособување од една воена улога во друга.

Мисија, пример: Во операциите во Либија 2011 година, „Rafale“ успешно извршуваше истовремено бомбардирања и извидувања, при што леталото се приспособуваше на промените во тактиката на непријателот во реално време.

Овој мултифункционален дизајн го прави „Rafale“ погоден за ситуации со непредвидливи закани и динамични фронтови, каде брзата промена на улогата е клучна.

### Технологија за реална борбена ефикасност

„Rafale“ е опремен со AESA радар, систем за самозаштита SPECTRA и широк избор на вооружување:

Ракети „воздух-воздух“ со долг дострел (Meteor, Mica).

Прецизни наведувани бомби (SCALP-EG, AASM).

### Крстосувачки ракети за далечински напади.




Дострел на AESA радарот: 200+ км.

Автономија на гориво: 3.700 км без воздушно дополнување.

Време за промена на конфигурација на мисии: <30 минути.

„Rafale“ не се потпира само на стелт-технологија, туку на комбинација од електронска супериорност, тактичка маневрабилност и флексибилна логистика, што обезбедува реална борбена ефикасност во современи конфликти.

### Стратешка автономија: француско национално оружје

„Rafale“ ја симболизира француската стратегиска независност. Развојот на домашен борбен авион овозможува автономија во одлуките и независност од странски технологии.

Пример: Франција не зависи од американските системи за одбрана, што ѝ овозможува слобода во нуклеарната доктрина и оперативните маневри на глобално ниво.

„Rafale“ е клучен елемент на француската одбранбена политика и се користи како платформа за стратешко планирање во сите регионални и меѓународни мисии.

## Извозот како геополитичка порака

Извозот на „Rafale“ не е само економски успех, туку и политички сигнал. Земјите како Индија, Египет, Катар и Грција гледаат во „Rafale“ стабилна и модерна платформа која ја поддржува нивната одбранбена стратегија.

Индија: 36 авиони, испорачани 2019–2022.

Египет: 24 авиони, интегрирани во националната воздушна база.

Грција: 18 авиони, со дополнителни 6 на пат.

Со овие договори Франција ја зацврстува својата позиција на меѓународната безбедносна сцена, нудејќи им алтернатива на американските и на руските платформи.

## Критики и реална употребливост

Несомнено, авионот „Rafale“ има и недостатоци:

Висока цена (100 милиони евра по авион).

Не припаѓа на целосната 5. генерација со стелт-конфигурација.

Сепак, експертите нагласуваат дека успешноста во современите конфликти зависи повеќе од:интеграцијата на системите, обуката на пилотите и способност за дејствување во комплексни услови.

„Rafale“ покажува дека проверената технологија и оперативна флексибилност често ја надминуваат „генерациската“ ознака на авионот.

„Dassault Rafale“ е многу повеќе од борбен авион. Тој е комбинација од технолошка зрелост, мултифункционалност и стратешка автономија, која го прави клучен елемент на француската воена доктрина и глобалната политика. Во нестабилен свет со зголемени безбедносни ризици, „Rafale“ е не само средство за воздушна моќ, туку и инструмент на дипломатска тежина, стабилност и долгорочно планирање.

Борбениот авион „Rafale“ ја реафирмира филозофијата на Франција – независност, приспособливост и прагматичен пристап кон современата воена авијација. Неговата улога како „столб“ на воздушната и стратешка моќ на Франција ќе остане значајна уште многу години. ■








# Автоматска пушка „АК-12“




Автоматската пушка „АК-12“ е развиена и се произведува од концернот „Калашников“. Како и кај постарите модели „АК-47“ и „АК-74“, така и пушката „АК-12“ функционира на стариот докажан принцип со позајмување на барутните гасови, долг од на гасниот клип и забравување на затворачот. Но, за разлика од постарите основни модели („АК-47“ и „АК-74“),пушката „АК-12“ уште на почетокот е проектирана како модуларно огнено оружје. Односно, на „АК-12“ се поставени picatinny-шини (вкупно 5) на кои може да се постават различни видови нишани како, на пример: колиматорски, оптички, ноќни, дневни/ноќни нишани и ласерски нишани. За тивко пукање на цевката може да се постави придушувач на истрел. На пушката под цевката може да се прикачи бајонет за борба „гради в гради“ или да се постави потцевен фрлач на гранати „ГП-25“ или „ГП-34“ со калибар од 40 mm. На автоматската пушка може да постави и тактичка светилка, дополнителен преден вертикален ракофат, да се прикачи ремен за носење и друго.За изработка на пушката „АК-12“ се користат метали и полимери. Сандакот и неговиот поклопец се изработуваат од пресувани челични лимови, а цевката, гасниот цилиндер, нишаните и механизмот на чкрапалото, исто така се изработуваат од челик. За поголема заштита од корозија, металните делови се обоени, а металните делови кои имаа контакт со барутните гасови се заштитени со хромирање. Од полимер на пушката се изработени кундакот, предниот и задниот ракофат, горниот поклопец на гасниот цилиндер и куќиштето на рамката за муниција. На десниот ѕид на сандакот има засеци за: закочување и натписи „АВ“, „2“ и „ОД“. Овие засеци одговараат на поставката на лостот од селекторот за стрелба каде „АВ“ е за автоматско пукање, „2“ е за автоматско пукање со краток рафал од два истрела и „ОД“ е за единечна стрелба. Автоматското пукање е достапно во кратки (три до пет истрели) и долги (до 10 истрели) рафални истрели, како и континуирани рафални истрели. Развиена е и верзија која нема краток рафал од два истрели, но поседува селектор за стрелба од левата страна на сандакот (за ракување со палецот). Хромираната цевка е со должина од 415 mm, од кои изрежани се 371 mm, односно внатрешно има 4 жлебови со десен круг на ротација од 254 mm. За да се задржи прецизноста на пушката, поклопецот на сандакот (на кого е поставен задниот механички нишан и



Пишува: Ивица Дамески

**Пресек-слика на пушката „АК-12“**

1. Телескопски кундак на склопување со механизам за приспособување според должината (4 позиции)
2. Механизам за склопување на кундакот
3. Заден механички нишан
4. Повратна пружина со водиште
5. Поклопец на сандакот со picatinny-шина
6. Носач на затворачот со затворач
7. Спој на поклопецот со сандакот
8. Полимерски поклопец со горна picatinny-шина (на гасен цилиндер), на кој бочно може да се монираат две мали шини
9. Гасен цилиндер (фиксен)
10. Гасен клип
11. Преден механички нишан

picatinny-шината) цврсто се позиционира на сандакот напред со метална чивија, а позади се фиксира преку призма со 2 куки со попречната осовина поставена на крајот од поклопецот. Предниот нишан се приспособува според височина и е поставен над гасната комора, додека задниот нишан е диоптерски, со можност за приспособување (ги поседува позициите 1, 3, 6, 7, 8 и П) и е поставен на крајот од поклопецот на сандакот. За разлика од АК-47 и АК-74, кај АК-12 гасниот цилиндер е заварен (фиксен), а за полесно чистење однапред, се вади (со ротирање) затворачот на гасната комора. Во стандардната, полимерската рамка за муниција, собира 30 куршуми. Оваа рамка за муниција има мали прозорци на позициите од 10, 15, 20, 25 и 30 куршуми, за да ја покаже моменталната состојба на муницијата. Но, „АК-12“ е компатибилен и со старите рамки за муницијата 5,45×39 mm, кои ги користат „АК-74“, „ RPK-74“ и барабанот со 95 куршуми од „RPK-16“. „АК-12“, во зависност од верзијата, поседува различни полимерски телескопски кундаци на склопување, со механизам за приспособување по должина. Кундакот се склопува на левата страна од сандакот и во таа позиција не им пречи на командите, ниту при пукање. Од муниција, „АК-12“ ги користи следните куршуми со калибар 5,45 mm (5.45x39 mm): стандардни куршуми 7Н6/ 7Н6М, куршуми со голема пенетрација 7Н10/ 7Н10М/ 7Н22/ 7Н24, трасирачки куршуми се 7Т3/ 7Т3М и вежбовни куршуми (ќорци) 7Х3/ 7Х3М (кога е прикачен додаток на цевката). Основните верзии на „АК-12“, во зависност од годината на производство, се: Тип 1 (од 2018 до 2021 год.), Тип 2 (од 2021 до 2023 год.) и Тип 3 (од октомври 2023 год.). Од последниот модел „АК-12 Тип 3“ се развиени подверзиите „АК-12К“, „АК-12СК“ и други. Но, од пушката се развиени и други верзии и подверзии за муницијата 7.62x39 mm и за НАТО муницијата 5.56x45 mm и 7.62x51 mm. Освен Русија, корисници на пушката се уште 5 држави во светот. ■






12. Гасна комора
13. Затворач на гасна комора
14. Разбивач на пламен/ компензатор на истрел
15. Отвор за проток на барутни гасови од цевката во гасната комора
16. Држач на бајонет
17. Цевка
18. Полимерски преден ракофат со picatinny-шина
19. Полимерска рамка за муниција
20. Лост за ослободување на рамката за муниција
21. Чкрапало со неговиот механизам
22. Полимерски заден ракофат со внатрешен простор за приборот за чистење
23. Сандак

| Тактичко-технички карактеристики на „АК-12“ | |
|---|---|
| Калибар/ муниција | 5.45 mm (5.45x39 mm) |
| Должина (зависи од должината на кундакот) | од 880 mm до 940 mm |
| Должина со склопен кундак | 690 mm |
| Должина на цевката | 415 mm |
| Височина со рамката за муниција | 270 mm |
| Широчина | 72 mm |
| Тежина без рамка за муниција | 3.5 kg |
| Тежина со празна рамка за муниција | 3.715 kg |
| Тежина на рамката за муниција | 215 gr |
| Теоретска брзина на стрелба | 700 куршуми во минута |
| Брзина на проектилот од куршумот 7N6 | 900 m/s |
| Ефикасно дејство при директна стрелба | 440 m (на цел со височина од 50 sm) |
| Ефикасно дејство | од 500 m до 600 m |
| Нишанска далечина | 800 m |
| Максимален дострел на проектилот | 3.150 m |
| Капацитет на рамката за муниција | 30 куршуми |



# КОНВЕРЗИЈА НА ТОПОТ 130 ММ ВО ТОП 155 ММ/45

Конвертираниот топ „М46/130“ со калибар од 155 мм/45 е српско производство и се базира на познатиот руски топ „М-46“ 130 мм, но е извршена замена на цевката и на дел од склоповите на системот на вооружување со нова цевка со калибар 155 мм со должина од 45 калибри. Конверзијата се реализира според капацитетите на српската компанија „Југоимпорт СДПР“. Со конверзијата е добиено посовремено вооружување на артилеријата кое се истакнува како со својата огнена моќ и огнени можности така и со својата економичност, односно цена на чинење по завршената конверзија. Вкупната тежина во борбена положба е 7800 килограми, хоризонталното поле на дејство е 50 степени, а вертикалното поле на дејство е од -2 до +45 степени. Топот користи стандардна НАТО муниција 155 мм, вклучувајќи ги и современите проектили со зголемен дострел „HE ERFB“ (30 км) и „HE ERFB-BB M03“ (максимален дострел од 39 км) со соодветните согорувачки чаури. Конкретно, конверзијата на топот и неговите потсистеми ги вклучуваат следниве измени и модификации:

- комплетна замена на цевката 130 мм со цевка 155 мм со нов склоп на задник, затворач и нова гасна кочница (со две комори);
- редизајниран е противповлекувачкиот уред и заптивниот систем на топот;
- новиот дизајн на затворачот вклучува и интеграција на заптивен систем со согорливи барутни полнења;
- нова нишанска направа со кончаница и поделби на направата во илјадити во согласност со НАТО системот;
- нов пневматски потиснувач за проектилите и барутните полнења;
- интеграција на нов систем за контрола на огнот со посебен дисплеј за нишанџијата;

Во споредба со топот 130 мм, новата верзија од 155 мм ги има следниве предности:

- дострелот е зголемен за 34%;
- ефикасноста на целта е зголемена за 260%;
- зоната на убиствено дејство е зголемена за 330%;
- компатибилност со сите НАТО 155 мм проектили;
- цената на чинење е од три до пет пати помала од останатите системи со слични карактеристики и можности. ■

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТОПОТ 155мм/45 | |
|---|---|
| **Послуга** | 1+8 |
| **Калибар на цевката** | 155 mm |
| **Начин на работа** | полуавтоматски и рачен |
| **Дострел** | 30 km (со проектил HE ERFB)<br>39 km (со проектил HE ERFB-BB M03) |
| **Муниција** | „HE M1 07“<br>Осветлувачки проектил „M1 18“<br>Чаден проектил, бел фосфор „M110“<br>„HE ERFB M03“<br>„HE ERFB-BB M03“ |
| **Хоризонтално поле на дејство** | лево 25 степени, десно 25 степени |
| **Вертикално поле на дејство** | од -2 до +45 степени |
| **Брзина на гаѓање** | 3-4 проектили за 1 минута |
| **Тежина во борбена положба** | 7800 kg |
| **Тежина во маршевска положба** | 8428 kg |
| **Висина** | 2650 mm |
| **Должина** | 11.170 mm |
| **Ширина** | 2400 mm |
| **Клиренс** | 400mm |



Пишува: потполковник Славчо Кузманоски




# Самоодна хаубица „M109 Paladin“

Самоодната хаубица „M109 Paladin“ претставува современ артилериски систем со калибар 155 мм, дизајниран за обезбедување континуирана и прецизна огнена поддршка на маневарските копнени сили. Таа е дел од семејството „M109“, кое од почетокот на 1960-тите години е во широка употреба во повеќе од 40 држави, а преку низа модернизации останува релевантна и на модерното бојно поле. Најзначајните верзии, „M109A6“ и „M109A7 Paladin“, се карактеризираат со целосно дигитализиран систем за управување со огнот, интегриран GPS-навигациски систем, автоматска балистика и можност за брзо примање и извршување на огнени задачи. Овие способности овозможуваат хаубицата да отвори оган во рок од неколку минути по заземањето позиција, со висока прецизност и минимална потреба од надворешни пресметки. „M109 Paladin“ може да дејствува со широк спектар на муниција, вклучувајќи класични високоексплозивни гранати, ракетно-потпомогната муниција и прецизно наведувани проектили. Во зависност од типот на муницијата, дострелот достигнува над 30 километри, што ѝ овозможува да покрива голем дел од бојното поле без директен контакт со противникот. Системот е сместен во оклопна купола која обезбедува заштита на екипажот од шрапнели, од лесно пешадиско оружје и од артилериски оган. Благодарение на гасеничната шасија, „M109 Paladin“ има висока мобилност и може да дејствува на различни терени, од урбани средини до тешко пристапни области. Концептот „пукај и помести се“ (shoot-and-scoot) значително го зголемува преживувањето, овозможувајќи брзо напуштање на позицијата пред противничкиот контра оган. Поради својата сигурност, модернизирана електроника и способност за интеграција во комбинирани операции, „M109 Paladin“ останува еден од столбовите на артилериската поддршка во армиите на САД и НАТО. И покрај појавата на понови системи, постојаната модернизација на оваа хаубица ја прави релевантен и ефикасен артилериски систем во современите и идните конфликти. ■





# ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТАНИЦА ЗА ВРСКИ СО КОМАНДНО МОТОРНО ВОЗИЛО „ШЕВРОЛЕТ-ТАХОЕ“



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

Современото водење на воени операции бара сигурни, флексибилни и заштитени комуникациски системи кои овозможуваат ефективно командување и координација на единиците на терен. Во таа насока, командното моторно возило „Шевролет тахое“ претставува значаен комуникациски капацитет за обезбедување стабилни радиоврски во Армијата. Возилото е опремено со радиостаница за врски која функционира во VHF и HF фреквентни опсези, овозможувајќи сигурна комуникација и на тактичко и на оперативно ниво. Системот обезбедува работа и во место и во движење, што значително ја зголемува мобилноста и оперативната подготвеност на командните елементи. Дополнително, интегрираните капацитети за глобално позиционирање и прецизно мерење на времето, придонесуваат за подобра координација и синхронизација на дејствата.

## Организација и задачи на персоналот

Радиостаницата ја опслужуваат четири лица: командир на станицата и тројца послужители, со јасно дефинирани задачи. Командирот е одговорен за исправноста, подготвеноста и организацијата на работата, како и за безбедното и навремено поставување на станицата по добивање на наредба.

Послужителот П-1, кој воедно е и возач, се грижи за агрегатот и енергетското напојување, додека П-2 асистира при неговото поставување и врши маскирање на каблите. П-3 е задолжен за обезбедување на просторот, за поставување на антените, приземјувањето и дополнителните логистички елементи. Ваквата поделба на задачи овозможува брза реакција, ефикасност и безбедност при оперативна употреба.

## Тактичко-технички карактеристики на системот

Радиосистемот во „Шевролет-Тахое“ овозможува радиоврски во VHF (многу висока фреквенција) и HF (висока фреквенција) опсег, покривајќи широки комуникациски потреби – од тактички до стратегиски нивоа.

- **Фреквентен опсег:**
  – VHF: 30–108 MHz;
  – HF: 1.6–59.9999 MHz.
- **Модови на работа:**
  – VHF: FM, FSK, PSK, CVSD, TCM;

– HF: USB, LSB, AME, CW, FM.

• **Видови на работа:** FIX, HOP и ALE – што значи дека системот може да работи и во фиксни услови и во динамички, со автоматско избирање на најсоодветната фреквенција.

• **Излезна снага:**

– VHF: 1W, 4W и 10W (со засилувач до 50W);

– HF: 1W, 5W и 20W (со засилувач до 150W).

Дополнително, системот има интегриран глобален систем за позиционирање и мерење на време, што овозможува координација и синхронизација на единиците. Сето тоа се управува преку компјутерски терминал со монитор, тастатура, глувче, печатач и скенер.

## Начелен распоред на елементите

Оптималното функционирање на станицата се обезбедува преку строго дефиниран распоред на елементите: централната станица, агрегатот, заклоните за дејство, противпожарните средства, резервоарите за гориво и логистичките точки. Почитувањето на пропишаните растојанија овозможува безбедност, маскирање и континуитет на комуникациските активности.

Организацијата и тактичко-техничките карактеристики на станицата за врски со командно моторно возило „Шевролет тахое“ претставуваат пример за функционален и современ комуникациски систем. Со правилна распределба на задачите, оптимален распоред на елементите и почитување на техничките стандарди, се обезбедува високо ниво на сигурност, оперативна готовност и заштита на персоналот. Ваквите системи имаат значајна улога во унапредувањето на командно-комуникациските способности и во зголемувањето на вкупната борбена ефикасност на единиците. ■






**Слика 1. Елементи на распоредот на станица за врски**




**Слика 2. Начелен распоред на елементите на станица за врски**

# ЗАКЛЕТВА НА НО
# ПРОФЕСИОНАЛНИ ВО
# ВО АРМ



# ВОПРИМЕНИТЕ
# ЈНИЦИ НА СЛУЖБА
# ИЈАТА





# „Фокс“ – возило за брза реакција

*Возилото за брза реакција „Фокс“ (RRV-Rapid Reaction Vehicle) е член на асортиманот на лесни тактички возила „Фокс“ што го нуди компанијата „Jankel Armouring (Jankel)“*



Пишува: Идриз Идризоски

Компанијата „Јанкел“ ја претстави најновата варијанта на возилото „Fox, RRV-x“ за време на изложбата „Defence and Security Equipment International“ (DSEI) во 2017 година, одржана во септември 2017 година.

Белгиското Министерство за одбрана склучи договор со компанијата „Јанкел“ за набавка на 108 Fox RRV во јануари 2016 година. Возилото беше прикажано од страна на белгиските вооружени сили за време на воената парада на Националниот ден на Белгија во јули 2017 година.

„Fox RRV“ може да се користи како возило за гранична патрола, надзор и извидување, возило за брза реакција/прва поддршка, за заштита на конвој, транспорт на товар/војници и мисии за евакуација на жртви.

## Дизајн и карактеристики на „Fox RRV“

Возилото „Fox RRV-x“ се базира на шасијата на лесно комерцијално возило „Toyota Hilux“, со приспособени подобрувања и автомобилски надградби направени од страна на компанијата „Jankel“. Се одликува со модуларен дизајн кој овозможува повеќекратни реконфигурации според барањата на клиентот. Сигурната платформа дополнително нуди супериорна мобилност на терен и капацитет на носивост.

Возилото има традиционален распоред, како и кај поголемиот број на оклопни возила со моторот поставен напред, кабината за екипаж во центарот и назад има простор наменет за војници или за товар. Возилото со отворен кров или т.н. „open-top“ е долго приближно 5,6 метри, широко 1,8 метри, додека неговата тежина е приближно 4.500 кг.

Возилото има капацитет на места за седење за четири до шест лица, кои можат да влезат и да излезат од возилото низ четири странични врати. Исто така, обезбедува посебен простор за складирање на лично оружје и останатата опрема.

Возилото е опремено со стандардна опрема и системи, вклучувајќи и витла за самоизвлекување (чекрк), монтирани напред и назад, резервно тркало, системи „Ran-Flat“ (систем што овозможува возилото да продолжи да се движи и по оштетување на гумата), дигитална инструмент-табла, модуларна контролна табла, преграда за лаптоп што се извлекува и инфрацрвено осветлување.

Возилото за брза реакција „Фокс“ е дизајнирано со подобрен капацитет за носење тежина, внатрешна воздушна

транспортибилност на CH-47 и зголемена агилност на терен за да ги помести границите на носивост, мобилноста и перформансите.

Комуникацискиот пакет вклучува комуникациски системи со многу висока фреквенција (VHF) и висока фреквенција (HF), комплети за сателитски телефон, приемници за глобален систем за позиционирање (GPS) и придружни антени.

## Вооружување и самозаштита

Возилото е инсталирано со главен прстенест држач и држачи со адаптери за митралез од 12,7 мм/7,62 мм или митралез од 5,56 мм или автоматски фрлач на гранати (AGL) од 40 мм. Исто така, може да интегрира предни столбови и држачи за „GPMG-General Purpose Machine Gun“ од 7,62 мм или автоматска пушка од 5,56 мм.

Повеќекратните држачи за оружје на различни локации на возилото овозможуваат носење на широк спектар на вооружување, што го прави RRV идеална платформа за мобилна огнена поддршка и тактичка заштита на силите.

Возилото „Fox RRV“ може да се користи како возило за гранична патрола, надзор и извидување, возило за брза реакција/прва поддршка, за заштита на конвој, транспорт на товар/војници и мисии за евакуација на жртви.

**Возилото „Fox RRV“ е опремено со лесно отстранливи модуларни оклопни комплети „add on armor“ за да понуди заштита според STANAG 4569 Ниво 1 од оган од мало оружје, парчиња гранати и рачни гранати. Заштитната плоча под трупот на возилото дополнително обезбедува заштита од импровизирани противпешадиски експлозивни направи (IED).**

Оклопните странични панели и врати, како и плочата монтирана на подот, можат да бидат монтирани/демонтирани од екипаж од два члена за помалку од четири часа. Предниот труп е опремен со низа лансери за чадни гранати за подолготрајно преживување на возилото и екипажот.

## Мотор и мобилност

Возилото може да биде опремено со 4,2L шестцилиндричен мотор или 4,5L V8 турбо полнет дизел-мотор со интеркулер или 4,0L V6 бензински мотор поврзан со автоматски менувач. Исто така, може да се интегрира со „RF (Radio Frequency) Safe-Stop“, најсовремен систем за недеструктивно запирање на возила.

Возилата „Fox RRV“ може да се транспортираат по воздушен пат со хеликоптер „CH-47 Chinook“, авион „C-130 Hercules“ и авион „Airbus A400M“. Со растојание од земјата (Ground Clearance) од 260 mm нуди супериорна агилност и мобилност низ нерамни терени.

Возилото има максимална брзина од 170 км/ч и типична автономија на опсег од 900 км. Опционалниот резервоар за гориво инсталиран на возилото може да го продолжи опсегот до 1.300 км.

Возилото RRV може да совладува вертикална пречка од 300 мм и да помине длабочина од 700 мм. Аглите на приближување и заминување на возилото се 40°, односно 45°.

Варијанти на возилото за брза реакција„Fox“ се:
- „Fox Long Range Patrol Vehicle“ (LRPV);
- „Fox Tactical Utility Vehicle“ (TUV) и
- „Fox Light Utility Vehicle“ (LUV).

Со карактеристиките кои ги поседува ова возило - агилност, мобилност, носивост и транспортибилност, истото е наменето за опремување на Полкот за специјални операции – Special Operations Regiment (SOR) од белгиската армија.

Возилото е набавено од француското Министерство за одбрана, како дел од итното барање на„ VPS2“ во 2018 година. Возилата се произведуваат по лиценца во Франција, од страна на„ Technamm“, во нивниот објект во Ламбеск.

Со повеќе од 500 произведени возила, возилото „Jankel Fox“ сега е во употреб во: Велика Британија, САД, Нов Зеланд, Романија, Франција, Белгија, Боцвана, Оман, Јордан, Јужна Кореја, Брунеи, Шпанија, Италија, Мавританија и Индонезија. ■



| Спецификациите на ова возило се следниве: | |
|---|---|
| Производител | „Jankel Armouring“ |
| Тип на возило | Возило за брза реакција |
| Конфигурација | 4x4 |
| Тежина | 4500 кг |
| Должина | 5.6 м |
| Ширина | 1,8 м |
| Носивост | 800 кг |
| Брзина на движење | 170 км/ч. |
| Автономија на опсег | 900 км |



# РОВОВСКО ВОЈУВАЊЕ ВО 21 ВЕК



Пишува: Александар Стојчевски

Рововското војување повторно е актуелно во современите конфликти. Кои се причините што старите тактики се појавуваат во 21 век?

Многумина се изненадени кога ќе видат слики од војната во Украина, каде војниците живеат и се борат во ровови и на прв поглед, тоа изгледа како сцена од пред еден век. За повеќето, рововското војување е симбол на Првата светска војна–време на кал, бодликава жица и постојан митралески и артилериски оган. Но, повеќе од сто години подоцна, рововите повторно се враќаат на бојното поле.

Рововското војување се појавило како одговор на технолошката револуција во вооружувањето на почетокот на 20 век. Митралезите и артилеријата биле толку смртоносни, што единствениот начин за преживување било да се копа и да се остане под земја. Овој начин на војување, колку и да изгледа старомоден, не губи од својата важност и денес. Денес под современа војна се подразбира сајбер-војување, дронови, ракети или, пак, можеби тенкови. Но, дали навистина е така? Рововите се исто толку важни за успехот или неуспехот на војувањето, за животот или смртта во војна, исто како што било и пред стотици години. Враќањето на рововите на современите бојни полиња, од Источна Европа до Блискиот Исток, е сурова и логична последица токму на напредната технологија. Беспилотните летала овозможуваат постојан надзор над бојното поле – секое движење на војниците е забележано и веднаш станува цел, а современата артилерија, насочувана со дронови и сателитски податоци, е неверојатно прецизна и уништувачка. Кога двете страни поседуваат подеднакво смртоносно оружје со долг дострел и сеопфатна воздушна контрола, отворените полиња стануваат смртоносни стапици, а единственото безбедно засолниште е да се оди под земја.

Рововското војување вклучува долги, утврдени ровови за да се заштитат војниците од непријателски оган. Овие ровови најчесто се зајакнати со бодликава жица, вреќи со песок и митралези и на тој начин создаваат одбранбено упориште. За време на Првата светска војна рововите се протегале стотици километри, формирајќи статични фронтови каде што војниците издржувале брутални услови – кал, застоена вода, болести и постојана закана од напад. Иако изгледа застарено, едноставноста и ефикасноста на рововското војување во современите конфликти сè уште е актуелно, а војната во Украина е најновиот пример за тоа: километри ровови што ги дефинираат фронтовите и го одредуваат ритамот на конфликтот.

Зошто рововите сè уште се важни во ера на беспилотни летала, прецизни ракети и вештачка интелигенција?

Одговорот лежи во самата природа на војувањето. Кога спротивставените сили се рамномерно усогласени или напредната технологија не успева да пробие силна одбрана, битките стануваат статични. Рововите нудат евтин и сигурен начин за заштита на војниците од артилерија, воздушни напади, па дури и од некое модерно оружје. На пример, во тековниот конфликт меѓу Русија и Украина, рововите се критични за одржување позиции на отворени терени. Тие го забавуваат напредувањето на непријателот и обезбедуваат заштита од немилосрдни напади со беспилотни летала и артилерија. Нивната прифатлива цена и лесна изградба прават копањето ровови да биде првиот избор во средини со ограничени ресурси.

Рововското војување за време на Првата светска војна се појавило затоа што моќта на митралезите ја надминала мобилноста на пешадијата. Денес, причините се застрашувачка комбинација од стари тактики и нова технологија. Подемот на евтините, лесно распоредливи извидувачки беспилотни летала ги направија движењата на отворено практично невозможни без непосредно откривање. Секоја концентрација на војници веднаш станува цел на артилеријата, а рововите нудат витален штит од овие „очи на небото". Современата артилерија, водена од беспилотни летала или сателитски податоци, е застрашувачки прецизна и разорна. Таа може да елиминира цели со голема прецизност, и тоа на километри оддалеченост, па длабокото одење под земја е најефикасниот начин за намалување на жртвите од овие баражи. Рововите ѝ овозможуваат на пешадијата да ја задржи својата територија и да ги брани позициите без постојано да биде изложена на огромна огнена моќ. Кога фронтовските линии стануваат статични, конфликтот се претвора во исцрпувачка војна. Двете страни градат широки мрежи од ровови, бункери и тунели за да ја задржат територијата и полека да ги трошат ресурсите и моралот на непријателот.

Враќањето на рововското војување носи со себе исти ужаси како и пред еден век. Војниците се соочуваат со брутални физички предизвици. Рововите најчесто се калливи, ладни и нехигиенски. Војниците мора да се справат со болести, штетници и физичка исцрпеност од живеењето и борбата во затворен простор на отворено. Заробеноста под земја со недели или месеци, со постојана закана од дојдовни гранати, создава огромен психолошки притисок. Стравот од тоа да бидат закопани живи и чувството на беспомошност се секогаш присутни.

За разлика од минатото, модерните ровови се поврзани со технологија. Радиокомуникациите, малите извидувачки дронови и очилата за ноќно гледање денес се стандард. Сепак, оваа технологија не ја брише суровата природа на рововското војување. Враќањето на рововската војна е отрезнувачки парадокс на современиот конфликт. Тоа е доказ за фактот дека без разлика колку напредува технологијата, фундаменталната природа на војната (борба за територија), останува непроменета. Тоа е суров потсетник дека, зад заслепувачкиот спектакл на воените иновации, старите ужаси на војната секогаш чекаат да се вратат.

Историјата на рововската војна, особено од времето на Првата светска војна, дава горчливи лекции. Таа војна што траеше четири години одзеде милиони животи, главно поради дипломатски неуспеси и политичка тврдоглавост. Рововите станаа симбол на воена и политичка стагнација, каде што ниту една страна не можеше да добие одлучувачка предност.



Денес, кога сме сведоци на рововско војување во современите конфликти, се потсетуваме дека војната ретко кога е решение. Дипломатијата, дијалогот и меѓународната соработка се клучни за прекинување на циклусот на насилство. Технологијата треба да се користи за да се намали страдањето, а не да се продолжи. Минатото нè поттикнува да му дадеме приоритет на мирот пред гордоста.

Дали рововското војување ќе биде тема и во идните конфликти? Веројатно, да. Додека постојат вооружени конфликти, едноставните, но ефикасни тактики како што се рововите, ќе опстојат, особено во региони со ограничени ресурси. Сепак, постои надеж дека попаметните одбранбени системи или поефикасните мировни преговори ќе можат да ја намалат потребата од такви брутални стратегии. На крајот на краиштата, рововското војување служи како суров потсетник за капацитетот на човештвото за уништување и отпорност. Учејќи од историјата,треба да настојуваме рововите да станат реликвии од минатото, а не алатки на сегашноста.

Ровот, на крајот, не е само дупка во земјата. Тој е метафора за човечката борба за преживување во услови на страв и неизвесност. Колку и да напредува нашето оружје, војната и понатаму ја водат луѓе — со тело, ум и ограничувања. Тоа е потсетник дека вистинскиот напредок не се мери со тоа колку подлабоко копаме, туку колку повисоко можеме да се издигнеме над сопствените ровови. ■



# БИТКАТА ЗА ВУЛКАНСКИОТ ОСТРОВ АЈВО ЏИМА – КЛУЧНА ТОЧКА ВО ВОЈНАТА НА ПАЦИФИКОТ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА



Пишува: мајор Зоран Василески

## Историја на битката

После тешкиот пораз кај Маријанските Острови, Јапонците започнале со одбранбена фортификациска подготовка на Ајво Џима. Командант за одбрана од јули 1944 година бил генералот Тадамичи Курибајаши, кој бил добро запознаен со силата и слабостите на војската на САД и се спротивставил на американскиот напад со изграден систем на тунели и бункери кои ги бранеле одлучните јапонски борци. Јапонците ја очекувале американската инвазија на островот уште во летото 1944 година, но американскиот продор се насочил кон Филипините, што и овозможило на јапонската морнарица да го дополни воениот материјал и да ги зајакне силите. Американските подморници потопиле дел од бродовите кои го опслужувале островот Ајво Џима, но не успеале значајно да го спречат доопремувањето со дополнителни војници, вооружување и муниција.

*Битката за Ајво Џима била клучна битка за островчето Ајво Џима (на јапонски „Iojima“, што значи сулфурен остров). Американската инвазија со кодно име „Operation Detachment“, имала цел заземање на целиот остров, вклучувајќи три аеродроми кои ги контролирале Јапонците заради подготовка на терен за нападите на јапонското главно копно. Битката, која траела пет недели, била една од најжестоките и најкрвави битки кои се воделе на Пацификот за време на Втората светска војна*

**Време** : *19 февруари 1945 - 26 март 1945*
**Место** : *Ајво Џима, Јапонија*
**Исход** : *Победа на САД*
**Завојувани страни**: *САД – Јапонското царство*
**Команданти САД**: *Холанд М. Смит*
**Јапонија**: *Тадамичи Курибајаши*
**Ангажирани сили САД**: *110.000*
**Јапонија**: *21.000*
**Загуби**: *САД – 26.504*
**Јапонија** – *20.919*

На 19 февруари 1945 година, Американците започнале инвазија на овој мал остров со цел да ја обезбедат патеката за слетување за сопствените огромни бомбардери „B-29“ со кои ги разорувале јапонските градови. Позициите на Јапонската царска војска на островот биле добро утврдени, со густа мрежа на подземни бункери и скриени позиции на артилеријата и 18

километри на долга мрежа на подземни тунели. Со елитните американски единици – маринци, командувал искусниот генерал Холанд. М. Смит, додека американското воено воздухопловство од есента 1944 година, вршело жестоки бомбардирања кои не постигнале такви резултати како што очекувале американските стратези. Наместо брза победа, американските војници наишле на жесток отпор кај јапонските сили, при што на островот биле вкопани 16.000 припадници на јапонската копнена војска, како и 5000 припадници на морнарицата кои биле подготвени да се борат. Генералот Курибајаши им наредил на своите луѓе да му нанесат на непријателот што повеќе човечки загуби. Уште од првиот ден на инвазијата, американските маринци претрпеле тешки загуби од јапонската артилерија, минофрлачи и артилериски оган од бункери. Американските тенкови тешко маневрирале во вулканскиот нанос, па затоа маринците морале да ги уништуваат јапонските бункери со ризични јуриши на пешадијата. Интензитетот на борбите бил многу силен. Американците останале без муниција и гориво за огнемфрлачите. Јапонците, пак, од друга страна, морале да штедат на муниција затоа што новите резерви не можеле да стигнат на островот поради американската воздушно-поморска блокада. Американците имале неколку илјади луѓе кои биле исфрлени од борбите, а на островот успеле да се истоварат околу 30.000 маринци.

На 21 февруари, јапонските воздухоплови извршиле противудар на американската инвазиска флота, а камиказите успеале да го потопат ескортниот носач на авиони „Bismarck Sea" и да го оштетат носачот „Saratoga. Воедно, биле оштетени уште неколку бродови. Американското напредување во наредните неколку денови се насочило кон југот на островот и на 23 февруари бил освоен вулканот Сурибачи, а маринците два пати го поставувале знамето на највисокиот врв на островот. Битката никако не завршувала затоа што маринците требало да заземат уште две слетувачки патеки во северниот и во централниот дел на островот. Поради нерамниот терен, Јапонците успевале да го забават американското напредување и истовремено да им нанесуваат и загуби. Јапонските војници го извеле и последниот организиран јуриш во раното утро на 26 март 1945 година, кога 300 јапонски војници ги изненадиле Американците во воздухопловниот камп. Во повеќечасовната борба Јапонците убиле и раниле околу 150 американски војници, инженерци и пилоти, а според некои верзии, во тој јуриш активно учествувал и генералот Курибајаши, додека некои сметале дека извршил „ seppuka".




## Огромни жртви кај американската војска

Според службените податоци од Морнаричката библиотека на САД, од нивната интернет-страница „Напад на Ајво Џима", кој траел 36 дена и притоа резултирал со бројка од 26.000 жртви, од кои 6.800 биле загинати. За споредба, битката за Окинава која траела 82 дена (од почетокот на април до средината на јуни 1945 г.), предизвикала повеќе од 62.000 жртви кај американската војска, од кои 12.000 или погинале во акција или се исчезнати. Ајво Џима е единствена битка каде имало поголеми загуби на маринците  во однос на Јапонците, иако бројот на јапонски војници загинати во борба го надминува бројот на Американците.

## Стратешка важност на заземањето на Ајво Џима

Гледано ретроспективно, и со оглед на бројот на жртви, долгорочното значење и нужноста на заземањето на островот за понатамошниот тек на војната останува спорно прашање до ден-денес. Маринците, кои претрпеле најмногу жртви, не биле заземање на островот, која послужила како упатство за подготовка на претстојните битки како битката за Окинава и заземање на јапонското главно копно. На Тарава, огромниот број жртви меѓу маринците го предизвикал лошиот и непристапен терен при истоварувањето, додека на островот Ајво Џима големиот број жртви е предизвикан од тоа што артилерискиот оган пред нападот не бил доволно интензивен и долготраен, и поради тоа било одлучено дека следните бомбардирања ќе бидат најжестоки дотогаш на островите во Пацификот. ■





# РИЧАРД ВИНТЕРС – тивкиот лидер



Пишува: потполковник Златко Блажески

Ричард Дејвис Винтерс бил човек со велична дисциплина, интегритет и ненаметлива храброст, којшто станал симбол на најдобрите квалитети што треба да ги поседува едно воено лице-лидер. Неговото дело е овековечено во книгата на Стивен Е. Амброуз „Band of brothers“ и во истоимената мини-серија. Сепак, над популарната слика за мирниот и способен офицер кој ги води своите луѓе низ виорот на Втората светска војна, лежи приказна за принципи и професионализам што продолжува да резонира во модерната воена доктрина. Воената кариера на Винтерс не е дефинирана од раскошни херојски дела или големи стратешки гестови, туку од прецизност, дисциплина и непоколеблив морален компас. Неговиот пристап кон командата покажа дека вистинското лидерство не се потпира само на харизма, туку се потпира на компетентност, доследност и карактер.

Ричард Дејвис Винтерс е роден на 21 јануари 1918 година во Њу Холанд, Пенсилванија. Израснат е во скромно и вредно домаќинство. Тој посетувал средно училиште за момчиња во Ланкастер, каде што покажал рани знаци на лидерство и решителност, иако никогаш не барал внимание. Во 1937 година се запишал на колеџот „Франклин и Маршал“ во Ланкастер. Дипломирал во 1941 година и се стекнал со диплома по економија. Винтерс се пријавил во Армијата во август 1941 година, неколку месеци пред Перл Харбор. Првично назначен за поручник по завршувањето на Школата за кандидати за офицери (OCS) во Форт Бенинг, Џорџија, Винтерс бил распореден во 506. падобрански пешадиски полк, елитна воздухопловна единица формирана под команда на полковникот Роберт Ф. Синк. Неговото влегување во падобранските сили ќе го одреди неговиот живот. 506. ПИР била дизајнирана да биде експериментална, високомобилна пешадиска сила, способна за операции со длабока пенетрација зад непријателските линии. Винтерс, тогашен помлад офицер, се придружи на единицата во кампот Такоа, Џорџија. Токму тивката постојаност на Винтерс ја заработи почитта на припадниците на единицата. Како што подоцна се сетил еден војник: „Не го следевме Винтерс затоа што моравме - го следевме затоа што сакавме“. За време на обуката, Винтерс покажал прецизно внимание на деталите и смирено однесување под притисок. Тој се фокусирал на тактиките на мали единици, нагласувајќи ја иницијативата и координацијата. Првите борбени дејства Винтерс ги имал за време на „Денот Д“, како дел од операцијата „Оверлорд“. Она што следеше беше една од најлегендарните акции на мали единици во воената историја, нападот врз германската батерија во Брекур Манор. Во оваа акција Винтерс предводел дванаесет падобранци

против силно утврдена германска артилериска батерија составена од четири топови од 105 мм кои пукале на плажата Јута. Тој систематски ја неутрализирал секоја позиција на топовите, координирајќи ги своите луѓе со прецизност и агресија. Историчарите и воените тактичари оттогаш ја проучуваат акцијата „Брекур" како модел на лидерство на мали единици, а истата до ден-денес се изучува на Воената академија „Вест Поинт". Успехот во Брекур го зацврстува неговиот углед. За неговите постапки Винтерс е награден со Крст за истакната служба, второ највисоко воено одликување на САД за храброст. Винтерс учествувал и во операцијата за освојување на градот Карантан, клучна комуникација помеѓу плажите Јута и Омаха. За време на операцијата „Маркет Гарден", Винтерс ја предводел својата единица во интензивни борби во близина на Ајндховен и Нуенен, поддржувајќи ги британските оклопни единици. Операцијата на крајот не успеа да ги постигне своите стратешки цели, но водството на Винтерс го спречи уништувањето на неговата единица за време на германските контранапади. Неговите луѓе често се сеќавале како тој одржувал смиреност во хаосот, влевајќи доверба кај своите подредени. Во декември 1944 година, силите на Вермахтот ја започнале својата последна голема офанзива - Битката кај Булге. Тогаш, 101. воздушно-десантна дивизија во која бил и Винтерс, итно била испратена во Ардените за да го држи клучниот град Бастоњ. Единицата на Винтерс е поставена на позиции во близина на Фој и Бастоњ, притоа издржувајќи екстремен студ, артилериски баражи и недостиг на храна и муниција. Последните борбени дејства во текот на Втората светска војна во кои учествувал 506. падобрански пешадиски полк е освојувањето на „Орловото гнездо" кај Берхтесгаден, кое било „срцето" на нацистичкиот режим. По завршувањето на Втората светска војна Дејвис Винтерс во 1946 година се демобилизирал  но во 1951 година повторно бил повикан во активна служба за време на Војната во Кореја.





Овојпат бил ангажиран како планер во оперативната команда. За време на оваа служба Винтерс  успешно ја завршил обуката за ренџери. Своето конечно повлекување од активна служба со чин мајор се случило во 1952 година. По завршувањето на активната служба тој се повлекол и се посветил на семеен бизнис - основал компанија за производство на храна за добиток. Починал на 2 јануари 2011 година во Пенсилванија.

Филозофијата на лидерство на Ричард Винтерс може да се види во неколку трајни принципи – дисциплина, пример, понизност и морална храброст. Винтерс е пример за „офицер на првата линија". Тој верувал дека водачот никогаш не смее да го бара од своите луѓе она што самиот не би го направил. За време на борбите тој се позиционирал на критичните точки, доволно блиску за да донесува информирани одлуки, но не толку блиску за да ја изгуби перспективата. Винтерс не ја гледал дисциплината  како казна, туку како професионализам. Неговото мото е „Тренирајте напорно, борете се лесно". За разлика од многу воени водачи, Винтерс избегнувал лична слава. Тој е познат по тоа што ги одбивал можностите за унапредување после војната, забележувајќи: „Не сум херој, но служев во чета на херои". Неговата скромност не била само чин, тоа е морален став. Мајорот Ричард Винтерс е носител на бројни награди за храброст и лидерство, вклучувајќи: Крст за истакната служба, Медал за бронзена ѕвезда со грозд од дабови лисја, Виолетово срце, Медал за американската кампања, Медал за европско-африканска-блискоисточна кампања со четири бронзени ѕвезди за служба, Медал за победа во Втората светска војна и други медали. Посмртно, Винтерс бил одликуван со бројни почести, вклучувајќи статуи, споменици и трајно почитување од војниците и историчарите.

Влијанието на Ричард Винтерс далеку ги надминува боиштата во Европа. Неговиот пример обликуваше и продолжува да обликува генерации офицери кои го изучуваа неговиот стил на лидерство на воените академии и курсеви за професионален развој. Командните методи на Винтерс се пример за принципи, кои подоцна биле формализирани во доктрината за лидерство на американската армија: команда на мисијата, децентрализирано извршување и морална одговорност. Неговиот пристап покажува дека ефективните лидери го балансираат авторитетот со емпатијата, а дисциплината со разбирањето. Во време кога лидерството често се меша со харизма, Винтерс нѐ потсетува дека моралниот авторитет и техничката извонредност остануваат вистински темели на командата. Неговата приказна опстојува не само како приказна за војната, туку како лекција за човештвото под притисок.

Ричард Винтерс водел со тивка сила, што претставува доказ дека најмирниот глас во бурата може да командува со најголема храброст. ■



# НАСТАНИТЕ НА СКОПСКОТО КАЛЕ



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Една од табу-темите во македонската историографија до 1991 година беше побуната на дел од артилериските бригади на Скопското кале во јануари 1945 година, позната како „Настаните на Скопското кале". Причините за настанот лежат во неостварениот идеал за обединување на Македонија, а поводот бил поинтензивно поставување на српски и црногорски кадри за началници во македонските воени единици. Така, на 7.I.1945 (Божик), дел од војниците на артилериските бригади на Скопското кале настапиле со паролите „Не сакаме на Срем! Сакаме на Солун!". Иста побуна се случила и во Штип (14.I.1945), а слични настапи на војниците и истакнување на истите пароли биле забележани во Битола и во други градови во Македонија. Отпор бил забележан кај одделни војници на 15. МНО корпус на патот кон Сремскиот фронт, каде биле растурени протестни летоци. На почетокот на ноември 1945 г. во штипската касарна ќе бидат каменувани тројца млади војници кои биле од оние кои барале „на Солун".

Овие настани беа една од најисполитизираните теми до денешен ден, особено од бугарска страна. Имено, бугарските медиуми и историчари, настаните на Скопското кале ги нарекуваат „Крваво коледе", кога наводно биле убиени 1.200 Бугари во еден ден, од „србо-комунистите" на Лазар Колишевски. Оваа еднаш кажана измислица постојано се повторува, без никаков доказ или, пак, без да се наведе список на некои од убиените. Наводно, овие лица биле убиени со цел да се потисне бугарското сознание и насилно да се воведе македонизација. Притоа, не се прифаќа фактот за високо издигнатата македонска свест која беше водилка во борбата против нацифашистичките окупатори во текот на Втората светска војна.

Бугарските историчари тврдат дека за време на бунтот, и по заповед од Белград, биле убиени десетина војници на централниот плошад пред Офицерскиот дом, а за неколку часа и 70 офицери, а околу 900 души биле фрлени во Скопското кале и таму умреле од глад. На ова се додава и убиството на 23.000 „Бугари" во Охридско и Преспанско, а наводно, околу 130.000 „Бугари" биле испратени по различни затвори. На ваквите измислици се огласил дури и бугарскиот историчар Стефан Дечев, кој ги осудил неточните информации, изјавувајќи дека фактите што ги пласираат бугарските историчари не соодветствуваат на реалноста.

Наспроти бугарските тврдења, на плоштадот во Скопје, на 7 јануари, не бил убиен ниту еден артилерец бидејќи истовремено од 6 до 8 јануари во свечена атмосфера во Офицерскиот дом се одржувал Вториот конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија (НОМСМ), на кој присуствувале над 1.000 делегати, претставници на антифашистичката младина на СССР, Бугарија, Грција, Албанија, Србија, Хрватска, Словенија и Црна Гора,

од пиринскиот и егејскиот дел на Македонија, како и претставници на англиската, советската и американската воена мисија.

Побунетите војници, со песни и пароли, слегле на плоштадот и направиле полукруг пред Офицерскиот дом. Атмосферата била „прегреана“. Тие во хор го извикувале името на нивниот командант, Михајло Апостолски, да излезе пред нив, да им ги објасни извиците „На Берлин“, кои се слушале од младинскиот конгрес. Апостолски веднаш реагирал. Според сеќавањата на учесниците, пред „Метропол“ им одржал кус говор во кој ги прашал дали стојат зад него, додавајќи: „И јас сум согласен да идеме на Солун. Ајде да седнеме во касарната и таму да се договориме, како и на кој начин ќе одиме на Солун“.

Неспорниот авторитет што го уживал Апостолски сред војниците ја смирило ситуацијата. Тој мирно ги вратил бунтовниците во касарната на Скопското кале. Но, бугарските историчари, меѓу другото, тврдат дека распитот го вршел директно Светозар Вукмановиќ-Темпо и веднаш биле стрелани над 70 офицери. Како што кажува самиот Темпо во своите сеќавања, тој пристигнал во Скопје по налог на Александар Ранковиќ, но ситуацијата веќе била смирена. Побунетите единици биле разоружани, а главните учесници задржани во истражниот затвор до одржувањето на главниот судски претрес на 27, 28 и 29 април. Пред Воениот суд биле изведени 39 лица поради организирање и учество „во отворен бунт против воспоставениот ред и поредок на Народно¬ослободителната војска на Југославија. Како кривична одговорност се сметале и истакнуваните пароли (против одењето на Берлин, а за одење на Солун) квалификувани како предавство на народните интереси и на самата борба. На 12 мај, судот донел пресуда со којашто биле изречени смртни казни на 9 лица кои биле прогласени за виновни, 14 се осудени на временски казни, а 9 лица биле условно осудени. Набрзо смртните казни биле преиначени во временски, а временските казни намалени,



**Михајло Апостолски**

со одлука на Претседателството на Народното собрание на ФНРЈ бр. 4417 од 12.VIII 1946 година. Во прилог на историската вистина зборуваат и објавените документи. Но, според одделни наводи, биле реализрани 6 смртни казни на војниците од штипската касарна.

Раководните партиски кадри во НР Македонија, „Настаните на Скопското кале“ ги оцениле како непријателско делување против југословенската заедница, наметнато од туѓи сили. Овие клеветења не се прифатливи зашто војниците јасно го искажале својот став за обединување на Македонија, изразено низ паролата „На Солун“.

Ваквите настани го вознемириле сојузното воено и партиско раководство и, за да се сосече во корен каков било сличен обид за бунт, со директна контрола на сојузната ОЗН-а и со знаење на тесен круг на раководството на КПМ, дошло до ликвидација на 53 македонски граѓани во Велес, околу 48 во Куманово, околу 17 во Ресен и повеќе поединечни ликвидации во други градови, по кратка постапка, без легално судење. Сите овие жртви биле злоупотребени од бугарската историографија како убиени „Бугари“. Иако поголем дел од убиените биле заради идеолошки и други причини, дел од нив биле соработници на окупаторот и фашизмот. Таквите лица биле ликвидирани во сите држави учеснички во Втората светска војна, па и во Бугарија, под власта на Татковинскиот фронт.

„Настаните на Скопското кале“ сè уште се политизираат секоја година. Факт е дека имало репресија, затворање, судење, ликвидации, но сето тоа е далеку од измислената и апсурдна конструкција за „Крвавото коледе“ и илјадниците жртви. Побуната набрзо била смирена, а веќе на 10 јануари, врховниот командант издал наредба за префрлање на 15. МНО ударен корпус на Сремскиот фронт, кој беше пробиен на 12 април 1945 година. Офанзивата на ЈНА ќе трае до 9 мај. Загубите на 15. МНО ударен корпус на Сремскиот фронт беа: околу 1.674 загинати, 3.400 ранети и 378 исчезнати борци и старешини. ■



# ФЕВРУАРСКИОТ ПОХОД



# Симбол на нескршливиот дух на македонскиот борец

Февруарскиот поход, којшто е изведен на почетокот на 1944 година, има извонредно историско и воено значење за македонската антифашистичка борба против силите на Оската, меѓу кои била и фашистичка Бугарија. Походот е еден од најхеројските настани и најзначајните воено-тактички операции за време на македонската народноослободителна борба за слобода во текот на Втората светска војна. Февруарскиот поход е стратешко оперативно дејство на македонската војска кое го скрши митот за непобедливоста на окупаторот и ја навести дефинитивната победа. Походот траел речиси еден месец (од 31 јануари до 24 февруари 1944 година), со поминати околу 400 километри во должина по најнеповолни временски услови. Ова е доказ дека антифашистичката борба имала масовен, општонароден карактер во Македонија.

## Целите на Походот

Воените дејства се одвивале во февруари 1944 година, на територијата на источна, централна и западна Македонија. Претходно, на почетокот на јануари 1944 година, главнината на партизанските единици и македонската војска, заедно со военото раководство, се наоѓале јужно од Кожув. Тука била и Втората македонска бригада и три поголеми воени единици. Со цел да ги неутрализираат, бугарската и германската окупаторска армија презеле воени дејства против македонските партизански единици и македонската Народноослободителна војска. Меѓутоа,




двете акции на фашистичките сили биле неуспешни, така што од страна на воено и политичко раководство е проценето дека се создадени услови за своевидна офанзива и воени дејства кон нови подрачја на територијата на Македонија, односно била донесена одлука за извршување на Февруарскиот поход. За остварување на таа цел, Главниот штаб на Народноослободителната војска (НОВ) и Партизанските одреди на Македонија (ПОМ) формирал три борбени групи од воените единици коишто биле таму и им дал задача да тргнат во напад на окупаторските сили во Тиквешко, во Гевгелиско и во Мариовско.

Походот започнал на 31 јануари 1944 година, кога Првата македонско-косовска ударна бригада тргнала од селото Зборско (Мариово). Главната цел била пробивање кон источна, централна и западна Македонија, со цел да се активира народот и да се воспостави подобра комуникација помеѓу партизанските одреди. Борците се движеле во три колони:




1. Првата борбена колона (Јужна), која ја сочинувала Првата македонско-косовска бригада, изтрината на 31 јануари 1944 година од селото Бахово тргнала преку Мариово, Азот и Порече кон Западна Македонија.

2. Втората борбена група (Централна), која ја сочинувала Втората македонска бригада, изтрината на 31 јануари 1944 година тргнала од селото Зборско во борбени акции во реонот на Тиквешко и Гевгелиско, со задача Бригадата да привлече што повеќе непријателска војска за да им го олесни пробивањето на Првата и на Втората борбена група.

3. Третата борбена група (Северна), наречена „Тичова група" (ја сочинувале баталјоните „Стив Наумов" и „Христо Ботев"), заедно со Главниот штаб требало да тргне истиот ден, од селото Зборско, преку Беласица, Плачковица и Осогово и да дојде до Кумановско. Откако ја преминала реката Вардар, во близина на Солун, оваа група по десетина дена пристигнала во Источна Македонија.

## Херојство под нечовечки услови

Она што го прави овој поход легендарен се екстремно тешките временски услови. Македонските борци се соочувале со силен мраз, длабок снег и температури под -25 степени Целзиусови. Покрај гладот и исцрпеноста, тие воделе секојдневни битки против надмоќните бугарски и германски воени формации. Сепак, и покрај сите премрежја, партизаните успеале да ги разбијат непријателските линии, што имало силен одглас, не само на тие простори, туку и пошироко во Македонија, како и во балкански рамки. Овој успех покажал дека македонското ослободително движење е организирана воена сила, способна да изведува сложени стратешки операции.

## Историското значење на Февруарскиот поход

Февруарскиот поход е симбол на нескршливиот дух на македонскиот борец. Со него беа создадени поголеми географски целини на македонските ослободени територии, што резултирало со масовно приклучување на нови борци, а со тоа и дополнително разгорување на антифашистичката борба. Тоа, пак, создало услови прво за свикување, а по некоку месеци и за одржување на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), односно за поставување на темелите на современата македонска држава.

Февруарскиот поход е еден од најзначајните настани во македонската битка за слобода и неизбришлив дел од богатата македонска историја. Поради тоа, споменот за него се негува повеќе од осум децении од изведувањето на овој легендарен подвиг во рамките на македонската борба против фашистичките сили за време на Втората светска војна. Потврда за тоа е фактот што во чест на хероите кои го изведоа Февруарскиот поход, секоја година се организираат планинарски маршеви и свечености, потсетувајќи нè дека слободата која денес ја живееме е платена со невидена храброст и пожртвуваност во тие студени февруарски денови во 1944 година. ■





# Главната военодисциплинска комисија – гарант за правната сигурност во Армијата



Пишува: потполковник Милена Чатмова

Дисциплината е основа на секоја професионална армија. Дисциплината не претставува само ред и организација, туку е елемент на доверба, одговорност и ефикасно функционирање на командната структура. Во Армијата на Република Северна Македонија (АРСМ), дисциплинската одговорност е строго регулирана со закон и правилници. Особено место во овој систем има Главната военодисциплинска комисија (ГВДК), која обезбедува фер постапки и правна сигурност.

Дисциплинската одговорност не се однесува само на прекршоци или непочитување на наредби. Таа е систем штој ја поврзува одговорноста на поединецот со колективниот интерес на единицата и угледот на целата армија. Главната цел е да се зачува професионалноста, да се одржи редот и да се поттикне правилно однесување кај сите припадници – офицери, подофицери, војници и цивилен персонал на служба во Армијата.

## Иницијатива за дисциплинска постапка

Постапката започнува со иницијатива. Секој што има сознанија за сторена повреда на воената дисциплина може да ја поднесе. Оваа можност им е достапна не само на непосредните старешини, туку и на друг персонал кој забележал неправилности. На овој начин се обезбедува активна контрола и превенција на нарушувања на дисциплината.

Иницијативата мора да содржи:

- детални информации за сторената повреда (датум, час, место);
- опис на конкретното дејство;
- приложени докази (писмени документи, снимки, сведоци);
- податоци за лицето против кое се поднесува иницијативата и податоци за подносителот.

Доставувањето на иницијативата

се врши во согласност со член 3 од Правилникот, кој се повикува на Законот за општа управна постапка. Лицето против кое е поднесена иницијативата има право да ја прегледа иницијативата и да се изјасни писмено најдоцна пет дена по приемот. Овој чекор гарантира фер и законска постапка, со можност за приложување на докази и образложување на околностите кои можат да влијаат врз одлуката на Комисијата.

## ГВДК – највисок дисциплински орган во Армијата

Главната военодисциплинска комисија е највисок дисциплински орган во Армијата, формирана со решение на министерот за одбрана. Таа има надлежност да постапува во случаи кога се предлагаат најтешки дисциплински мерки, како што се:

- престанок на работниот однос;
- престанок на статус на активен воен персонал;
- губење на чин.

Првостепените комисии можат да предложат други, помали мерки, но ГВДК е надлежна за најстрогите санкции. Кога надлежното лице смета дека сторената повреда на воената дисциплина е сериозна и заслужува најтешка мерка, предметот се доставува до ГВДК. На овој начин се обезбедува дека ниеден член не е казнет произволно, а најтешките казни се донесуваат со целосна правна проверка и анализа на доказите.

Комисијата расправа во состав кој го определува претседателот. Членовите ги разгледуваат сите докази, го сослушуваат лицето против кое се води постапката и евентуалните сведоци. Одлуките се носат со мнозинство гласови, што ја исклучува можноста за индивидуална произволна одлука.

## Расправата пред ГВДК

Расправата пред ГВДК е суштински дел од процесот. Лицето



против кое се води постапката има право да се изјасни, да приложи докази и да ги изложи своите аргументи. Сведоците се сослушуваат според утврден ред, а записниците од сослушувањата се потпишуваат од сите членови на комисијата, записничарот и присутните. Ако лицето одбие да го потпише записникот, тоа се констатира во него.

По завршување на сослушувањата, комисијата дискутира за вината и видот на дисциплинската мерка. Се води записник за советување и гласање кој обезбедува целосна транспарентност. Комисијата предлага дисциплинска мерка која се доставува до надлежното лице за извршување на санкцијата: началникот на Генералштабот за активен персонал до чин капетан и цивилен персонал на служба во Армијата или министерот за одбрана за офицери кои имаат чин мајор до чин полковник.

## Видови дисциплински мерки

ГВДК има надлежност само за најтешките мерки:

- престанок на работниот однос;
- престанок на статус на активен воен персонал;
- губење на чинот.

Со овие мерки се обезбедува дека казната е соодветна на сериозноста на повредата, додека се почитуваат правата на лицето и фер постапката.

## Придобивки и значење

Постапката пред ГВДК е едукативна и контролна. Таа ги информира сите припадници на Армијата и цивилниот персонал за:

- очекуваните стандарди на однесување;
- процесот на утврдување одговорност;
- правата и обврските во дисциплинската постапка.

ГВДК ја одржува рамнотежата помеѓу војничката строгост и правната заштита на поединецот. Комисијата ја зголемува довербата во командната структура, поттикнува професионализам и служи како столб на интегритетот на Армијата.

ГВДК ја штити професионалноста, правната сигурност и довербата во командната структура, обезбедувајќи секој член на Армијата да има право на фер и објективна постапка, додека најтешките санкции се изрекуваат со правна и колективна анализа. Дисциплината во модерната армија е гаранција за ред, сигурност и ефикасност, а улогата на ГВДК е од суштинско значење за нејзиното почитување. ■



# Сон и замор: Тивкиот непријател на одлуките и безбедноста



(Зошто уморот честопати значи повеќе грешки, повеќе конфликти и поголем ризик)

Пишува: проф. Александар Грижев

Во воена средина сонот лесно станува луксуз и „нешто што ќе дојде подоцна, кога ќе ја завршиме задачата“. На дежурства, на терен или во периоди со висок интензитет на активности, прво се кратат паузите. Понекогаш тоа е неизбежно. Но, заморот ретко изгледа драматично. Почнува тивко: мали пропусти, импулсивност и избувливост, погрешна процена. Токму овие работи во армиска средина можат да станат безбедносен инцидент. Често ќе го препознаеш заморот по тоа што правиш работи „по инерција“, потпирајќи се на рутина, наместо на проверка. Но, тоа не е поради неодговорност, туку затоа што мозокот на тој начин „штеди“ енергија. Па, така, тогаш се случуваат мали пропусти: се заборава детаљ, се прескокнува чекор, погрешно се чита порака или наредба. Понекогаш заморот личи на нервоза и „краток фитил“, но пораката е едноставна: резервите се при крај. Затоа, сонот не е само одмор, тој е дел од оперативната подготвеност. Како што оружјето, муницијата и горивото се ресурс, така и спиењето е ресурс, само што кога ќе се потроши, не се гледа веднаш, туку се гледа преку последиците.

## Кога заморот се „маскира“

Заморот ретко доаѓа со јасна најава. Почесто се јавува како заборавање и повторување, губење фокус во постапка што инаку е автоматска, побавно реагирање и нервоза за ситници. Друг знак е конфликтноста, нешто што во нормални услови би се решило со две реченици, но кога постои замор лесно станува расправија.

## Зошто заморот предизвикува да се прават грешки

Кога не спиеме доволно се намалува вниманието, расудувањето и самоконтролата. Вниманието и фокусот се стеснуваат, па се пропуштаат деталите. Расудувањето станува поризично и се донесуваат побрзи одлуки, без проверка. Самоконтролата опаѓа: комуникација на висок тон, сарказам, импулсивност. Најопасно е што замо-

рот создава лажно чувство дека, сепак, сè се одвива вообичаено: „навикнат сум, можам, ќе издржам, не ми е прв пат“.

Како и да е, заморот се акумулира Една кратка ноќ можеби се преживува, но неколку такви ноќи создаваат хроничен недостаток на сон: телото е будно, а мозокот работи со помал капацитет. Тогаш се појавуваат и кратки „празни секунди“ (микро-падови на внимание): токму кога се вози, се проверува опремата, се држи стража или кога се донесува важна одлука. Затоа, заморот не е лична слабост, туку фактор на ризик што може да се управува.

## Мали навики што помагаат при справување со заморот:

- Придржувајте се до времето што сте го одвоиле за спиење. Ако имате 5-6 часа за спиење, обидете се тие часови да ги отспиете, а не да ги поминете на телефонот. Најчесто токму тоа го одложува заспивањето.
- Кратка дремка може да ве ресетира, односно дремка од 10–20 минути, кога има услови за тоа, знаат да го вратат фокусот. Предолга дремка кај многумина остава тежина и дезориентираност.
- Кофеинот треба да се користи паметно. Помага да се остане буден, но ако е предоцна, го отежнува спиењето. Колку што можеш, избегнувај кафе и енергетски пијалоци барем во последните 6 часа пред планираното заспивање.
- Светлината му кажува на телото кога е време за будност, а кога за сон. Наутро, дневната светлина помага полесно да се разбуди организмот, а навечер силното светло и екранот го одложуваат заспивањето. Затоа, ако можете, навечер намалете ја светлината од екранот.
- Направете одредени работи пред легнување, како на пример, 5–10 минути туширање или миење на лицето, малку растегнување или



неколку длабоки вдишувања кои му помагаат на телото да премине во режим за сон.
- Пред заспивање избегнувајте да гледате вести и да слушате или да зборувате за тешки теми. Овие работи лесно активираат емоции и го одложуваат заспивањето – изберете нешто што е добро за нервниот систем и што ве релаксира.

## Улогата на командантот: сонот како фактор на безбедноста

Командантот секогаш не може да обезбеди идеални услови за одмор, но



може да влијае заморот да остане под контрола, наместо да се претвори во хаос. Тоа значи фер и предвидливи ротации, да не се даваат најкритичните задачи на најизморените, или, пак, кратка проверка: „Колку часа спиеше? Дали можеш да се фокусираш?“ На крај, грижата за сонот не значи попустливост, туку може да се смета за фактор од кој многу може да зависи безбедноста.

## Кога да побарате поддршка

Ако нарушениот сон трае подолго време (несоница, чести будења, кошмари, „станувам неодморен, како воопшто да не сум спиел“), последиците се акумулираат. Тоа најчесто се гледа преку пад на концентрацијата, раздразливост, повеќе конфликти и поголема склоност кон пропусти. Побарајте стручна поддршка ако проблемот трае повеќе од 2–3 седмиции, ако почнува да ви го нарушува функционирањето на работа или дома, или ако заморот веќе станува реален безбедносен ризик.

## Заклучок

Во војска, професионалноста не се мери само со тоа дали задачата е завршена, туку и како е завршена, дали е завршена со јасно фокусирање и со прецизна процена и самоконтрола. Заморот тивко ги слабее токму тие способности, па грешките не доаѓаат затоа што некој „не сака“, туку поради намален капацитет. Затоа, сонот не е награда кога ќе заврши работата, туку значаен фактор на безбедноста.

И кога условите не се идеални, секогаш има нешто што може да се направи: да се заштитат оние неколку часа сон, да се искористи кратка дремка, да се намали кофеинот доцна, да се намали гледање во екранот навечер, да се направи фер ротација. Мали чекори, но со голем ефект. На крај, најдобрата издржливост не е само да се оди до крај без сон, туку да се управува со заморот, пред тој да почне да управува со нас. ■



# ВОЕНА ИСХРАНА

## ВОЕНИТЕ ОБРОЦИ НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА

Воените оброци имаат цел да им обезбедат на воените единици долготрајна, стабилна, хранлива и безбедна храна, одржувајќи ги физичките перформанси на војниците, доброто здравје и когнитивната функција во какви било теренски операции и средини. Овие оброци треба да издржат повеќекратно ракување за да може да се користат при тешки услови на терен, на влажност и температура.

Компонентите на храната, производите и закуските во воените оброци најчесто се термички обработени или дехидрирани. Некои оброци бараат подготовка на терен, додека други може да се консумираат директно од пакувањето.

За време на Првата светска војна, растечката побарувачка за храна за милиони војници на терен предизвикала прехранбената индустрија и војската да работат заедно за да развијат воени оброци. Оттука, војната стимулирала соработка помеѓу војската и надворешните лаборатории, не само за развој на нова храна што може да се произведува во голем обем, туку и за развој на нови техники што го гарантирале квалитетот на новата преработена и стабилна храна.

После Првата светска војна прехранбената индустрија напорно работела со армијата за понатамошен развој на соодветна и разновидна храна за војниците, која ќе може да стои подолго време. Прехранбените производи  да бидат стабилни на полицата со години било Од особена важност во воените операции е и рокот на траење на прехранбените производи кои може да стојат на полица. Оваа храна може да се планира и однапред да се нарача, да се произведува кога трошоците се ниски и да се складира додека не биде потребна, со што се избегнуваат проблеми со распоредување во последен момент. На тој начин воените оброци се подготвени за подолг временски

рок. Воените оброци, исто така, треба да бидат и квалитетни (вкус, текстура и арома) и да имаат отпорно пакување за во различни ситуации и климатски услови како што се прекумерна влажност и оштетување од инсекти.

Свежата храна, како што се зеленчукот и месото, е многу ценета од страна на војниците. Сепак, транспортот на оваа храна на терен е многу скап, има висок ризик од расипување и бара дополнителен простор. Од 1950-тите години па наваму, се развиваат и се користат лиофилизирани воени оброци..

Со напредокот во науката и технологијата за храна, сега се развиени неколку видови воени оброци со користење на различни пакувања и технологии за да им се помогне на војниците во различни климатски услови и ситуации, земајќи ја предвид побарувачката за калории и хранливи материи, покрај културните прашања, когнитивната функција и физичкиот и менталниот стрес.

Воената исхрана претставува специјализиран систем на обезбедување храна и нутриционистичка потреба на војниците за време на воени операции, обуки и служба. Целта на воената исхрана е да обезбеди доволно енергија, витамини, минерали и други хранливи материи кои се неопходни за одржување на физичката и менталната способност на војниците.

Последниве години многу земји значително ги зголемија воените трошоци, главно поради геополитичката нестабилност во неколку региони и потенцијалниот ризик од ширење на вооружени конфликти низ целиот свет. Во тој контекст, разбирањето на нутритивните потреби на војниците при различна клима (топла, ладна и голема надморска височина) е исклучително важно и директно влијае на перформансите и здравјето на војниците, особено во екстремни средини. Количината на течности, калории и макро и микронутриенти содржани во воените оброци мора да се одреди, земајќи го предвид видот на вежбање, времетраењето и околината.



Овие геополитички настани и стратешката промена во распределбата на ресурсите ја истакнуваат потребата на војниците да им се обезбеди соодветна исхрана за време на теренските операции за да се подобри нивната ефикасност и отпорност во предизвикувачки ситуации.

Амбалажата на воените оброци, исто така е во фокусот на вниманието за задоволување на нутритивните потреби на војниците во различни оперативни контексти, придонесувајќи за нивната способност да одржат врвни перформанси. Овие физиолошки предизвици ја нагласуваат потребата од идентификување стратегии за исхрана што ги ублажуваат енергетските дефицити и ја поддржуваат физичката благосостојба на војниците, усогласувајќи ги со главната цел – оптимизирање на воените перформанси.

Затоа, содржината на калории и на макро и микронутриенти присутни во исхраната на војската мора да се определи според видот на мисијата, времетраењето и околината, за да се избегнат негативни влијанија врз воените перформанси и крајната цел.

Денес, технолошките пристапи доведоа до значителен напредок во воената исхрана и пакување. Благодарение на добро организираната воена исхрана, војниците се способни да одговорат на задачите и во најтешките услови и успешно да ја извршат својата мисија. ■





# ЈОКА – четириножен ветеран со големо срце

Во историјата на Армијата, меѓу бројните униформирани херои, свое почесно место има и една тивка, но исклучително посветена чуварка по име Јока. Таа е најстарото службено куче во Армијата, женка од расата шарпланински овчар, родена на 20 декември 2010 година, која денес ужива во заслужената пензија како вистински воен ветеран. По успешно завршената специјализирана обука, Јока во ноември 2013 година е распоредена во воената пошта ВП 7925/40 во Прилеп. Речиси осум години, сè до 2021 година, таа совесно и одговорно ги извршувала задачите за обезбедување и чување на издвоени армиски објекти во регионот. Со својата будност, дисциплина и природен инстинкт за заштита, Јока станала незаменлив дел од единицата и симбол на сигурност. Нејзината приказна е приказна за лојалност и пожртвуваност. Ден за ден, ноќ по ноќ, без збор, таа стоела на стража во секакви временски услови, и на дожд, и на снег или на жешко сонце, верна на својата задача и на луѓето со кои заедно служела.

За животот на кучката Јока, нејзината здравствена состојба и грижата што ѝ се посветува по активната служба, разговаравме со потполковник Душко Димитровски, доктор по ветеринарна медицина во Генералштабот на Армијата. Тој ни откри интересни детали за нејзиниот секојдневен живот и нагласи дека Јока и денес е во добра здравствена кондиција, опкружена со внимание и грижа каква што заслужува еден вистински ветеран.

Јока не е само службено куче – таа е симбол на верност, пожртвуваност и тивка храброст. Нејзиниот долгогодишен придонес остави траен белег во единицата и е потсетник дека хероите понекогаш доаѓаат и на четири нозе.

### Каква обука поминала Јока и колку траела обуката?

Обуката на службените кучиња за чуварска намена започнува уште на возраст од 3 до 6 месеци, преку игра, социјализација и навикнување на опремата, на околината и на персоналот. Таа опфаќа развивање дисциплина, совладување препреки, кондиционирање и извежбување на способноста за навремено предупредување на опасност и присуство на непознати лица. Важно е да

се нагласи дека обуката не завршува со распоредувањето во единиците – проверките и дополнителните вежби се спроведуваат континуирано, најчесто на годишно ниво, во согласност со потребите на Армијата.

**Дали возраста влијае на неговите способности?**

Возраста на кучето игра голема улога во способноста на кучето за извршување на работните задачи. Во принцип, младите кучиња полесно ја прифаќаат обуката, тие се потемпераментни, побрзо учат, полесно се навикнуваат на водачот и околината, подисциплинирано ги извршуваат командите и задачите. Меѓутоа, возраста, како ограничувачки фактор не е правило, туку е индивидуална особина . Има примери каде што и постари кучиња успешно продолжуваат да ги извршуваат своите задачи, но и спротивно на тоа – има и примери каде што и помлади кучиња од одредени причини предвреме ја губат неопходната работна способност за извршување на службени задачи (најчесто поради невнимание и грешки на самите водачи).

**Како се грижите за здравјето на кучето со оглед на возраста?**

Секое службено куче добива редовна здравствена заштита и нега уште од најрана возраст, вклучувајќи вакцинирање (вклучително и законската вакцина против беснило), третмани против паразити, витаминско-минерални додатоци, како и нега на кожата и на влакното. Од документацијата за Јока се гледа дека била редовно вакцинирана, дехелминтизирана, заштитена против инсекти и стерилизирана, без сериозни здравствени проблеми. Секое нарушување на здравјето се третира од армиските ветеринари, а по потреба и со ангажирање на надворешни ветеринарни служби и научни установи за понапредни интервенции.

**Дали има посебен режим на исхрана или одмор?**

Исхраната на службените кучиња во Армијата е регулирана со правилник, кој ги следи современите стандарди и искуствата од практиката. Храната е комплетна, избалансирана и приспособена на возраста, тежинтаа и физичката активност,на кучето а како награда се користат и омилените „грицки" по успешно завршена задача. Секое куче работи според однапред планирани задачи, приспособени на сложеноста на задачата, теренските и климатските услови. Во секој случај, службените кучиња секогаш го добиваат неопходното време за одмор и закрепнување.

**Кои се најголемите предизвици за старите кучиња во Армијата?**

Најголем предизвик за старите службени кучиња е обезбедувањето соодветна улога и услови по завршувањето на активната служба. Секое куче-ветеран заслужува достоинствен третман со сместување, исхрана, нега и здравствена заштита. Армијата и Министерството за одбрана интензивно работат на решенија како, на пример, вдомување, продажба или отстапување на заинтересирани лица и организации.

**Дали кучето Јока учествувало во важни мисии или настани и дали има добиено награди?**

Ова куче нема учествувано во некои мисии и важни настани. Тоа е обучувано и тренирано за конкретна задача (куче-чувар), меѓутоа во Армијата има кучиња коишто беа и се вклучени во изведување на најразлични вежбовни активности, самостојно или во состав на други единици на Армијата. Дел од армиските кучиња-трагачи, заедно со нивните водачи, беа ангажирани во откривањето и спасувањето на исчезнати, затрупани и повредени лица после силниот земјотрес што ја погоди Турција во февруари 2023 година. Сè уште нема формален систем за награди на службените кучиња, па нивната најголема награда е пофалбата и вниманието од водачот. Јока беше извонредно посветено и будно куче, дури и во старост. Армијата, покрај наградени кучиња на домашни и меѓународни натпревари, спроведува и селекција и одгледување според здравствени и генетски критериуми.

**Колку трае работниот век на армиските кучиња ?**

Должината на работниот век на службените кучиња во Армијата зависи од нивната возраст, здравствена состојба и физичка кондиција, односно од способноста да ги извршуваат службените задачи. Секоја година, а по потреба и почесто, нивните сетила, рефлекси и подвижност се оценуваат од стручни лица – ветеринари, инструктори и кинолози. Вообичаено, активната „војничка кариера" трае од 8 до 10 години. Јока веќе неколку години ужива во заслужена пензија како миленик на припадниците на единицата.



Човекот и кучето отсекогаш биле блиски, помагајќи си меѓусебно – кучето штити и помага, а човекот обезбедува храна и заштита. Денес многумина ги чуваат како миленичиња, создавајќи силна врска, заснована на приврзаност.

Кучињата се присутни и во армијата и во полицијата, каде своите способности ги користат за заштита и поддршка, а врската меѓу војникот и кучето треба да се негува и да се унапредува. ■

# „Company of Heroes“



## ЕВОЛУЦИЈАТА НА ЕДНА СТРАТЕГИСКА ВОЕНА САГА

Серијалот „Company of Heroes“ претставува еден од највлијателните и најпрепознатливи RTS (real-time strategy) франшизи во историјата на видеоигрите. Од своето појавување во средината на 2000-тите години, овој серијал постави нови стандарди во начинот на кој се прикажува Втората светска војна – не како апстрактна воена статистика или како низа броеви и ресурси, туку како динамично, тактичко и често сурово искуство во кое секоја одлука има последици. Наместо класичниот пристап карактеристичен за овој жанр, „Company of Heroes“ ја стави тактиката, позиционирањето и човечкиот фактор во прв план. Од првиот наслов во 2006 година, па сè до најновото продолжение, серијалот поминува низ значајна еволуција – не само технолошка, туку и концепциска, одразувајќи ги промените во самата гејминг-индустрија и очекувањата на публиката.




### „Company of Heroes“ (2006): Револуција во стратегијата „реал-тајм“.

Првиот серијал „Company of Heroes“ направи вистински пресврт во RTS-жанрот и со право се смета за една од највbooжните стратегиски игри на својата ера. Во време кога доминираше брзо темпо, масовно производство единици и механичко собирање ресурси, „Relic Entertainment“ понуди поинаков, значително подлабок пристап.

Играта се фокусираше на контрола на територија, користење покривање, морал на единиците и реалистична физика, со што секоја борба добиваше тактичка тежина. Мал број добро позиционирани единици често беа поефикасни од бројна, но лошо организирана армија, што ја наградуваше промислената игра, а не чистата брзина.

Клучна улога одигра „Essence Engine“, технолошки мотор кој овозможи динамично разурнување на околината. Зградите можеа да се уништат, теренот да се промени, а бојното поле постојано еволуираше за време на судирите. Ова создаде силно чувство на реализам и имерзија, ретко видено во RTS-жанрот до тој момент.

Кампањата, инспирирана од настаните после „Денот Д“ и напредувањето на сојузничките сили низ Франција, беше раскажана на кинематографски и емотивен начин. Наместо апстрактна војна, играчот добиваше човечка перспектива, нагласувајќи ги жртвите, стресот и моралните дилеми на војниците. Овој пристап беше вистинска реткост за стратегиските игри од тоа време.

Како резултат на ова, „Company of Heroes“ не само што беше комерцијално успешна, туку и исклучително високо оценета од критиката, освојувајќи бројни награди и поставувајќи цврсти темели за целиот серијал.

### „Company of Heroes 2“ (2013): Амбиција и контроверзности

Со вториот дел, „Relic Entertainment“ направи храбар чекор, префрлајќи го




фокусот на Источниот фронт – еден од најкрвавите и најбруталните театри на Втората светска војна. Конфликтот меѓу Црвената армија и нацистичка Германија беше прикажан со значително „потемен тон“, нагласувајќи ја суровоста на војната и екстремните услови во кои се одвивала.

Воведени беа нови механики, како екстремни временски услови – снежни бури, замрзнати реки и ниски температури, кои директно влијаеја врз преживувањето и тактиката. Играчите мораа да водат сметка не само за непријателот, туку и за природата, што дополнително ја зголеми комплексноста на гејмплејот.

Сепак, „Company of Heroes 2“ предизвика сериозни контроверзии, особено поради начинот на кој беше претставена советската армија. Дел од јавноста и критиката ја оценија нарацијата како историски еднострана и политички проблематична, што фрли сенка врз инаку амбициозниот проект.

И покрај тоа, мултиплеер компонентата се покажа како една од најсилните во серијалот. Со длабоки системи, високо ниво на компетитивност и редовни експанзии, играта со текот на времето изгради лојална и активна заедница, која и денес се смета за најтактички комплексен наслов во франшизата.

## „Company of Heroes 3“ (2023): Обид за модернизација

Третиот дел претставува обид серијалот да се приспособи на современите трендови во индустријата, без целосно да се откаже од своите корени. Дејството е сместено на Медитеранот – во Италија и во Северна Африка – фронтови кои долго време беа запоставени во видеоигрите.

Најголемата новина е динамичната стратешка мапа, инспирирана од стратегии „turn-based“, која им овозможува на играчите да планираат операции на пошироко ниво, пред да влезат во класични RTS-битки. Оваа хибридна структура носи свежина, но и одредени дизајнерски предизвици.

Иако „Company of Heroes 3“ нуди подобрена графика, поголема флексибилност во тактиките и поширок обем на содржина, играта при своето излегување беше дочекана со поделени реакции. Критиките најчесто се однесуваа на недоволна полираност, проблеми со корисничкиот интерфејс и чувство дека дел од иновациите не се целосно заокружени.

Сепак, активната поддршка од развивачите, честите ажурирања и отворената комуникација со заедницата укажуваат на тоа дека серијалот има јасна намера да остане релевантен и да се развива понатаму.

„Company of Heroes“ не е само серијал од видеоигри – тоа е студија за еволуцијата на RTS-жанрот и доказ дека стратегијата може да биде истовремено интелектуално предизвикувачка и емотивно ангажирачка. Првиот дел останува репер за квалитет и иновација, вториот е пример за амбициозен, но контроверзен чекор, додека третиот претставува обид за адаптација кон современите трендови и поширокaта публика.

Во време кога стратегиските игри стануваат сè поретка појава на мејнстрим сцената, „Company of Heroes“ останува значаен потсетник дека тактиката, трпението и интелигентното планирање сè уште имаат високо место во дигиталната култура. ■

| Категорија | CoH 1 | CoH 2 | CoH 3 |
|---|---|---|---|
| Гејмплеј и баланс | 9 | 8 | 7 |
| Тактичка длабочина | 8 | 9 | 8 |
| Наратив и атмосфера | 9 | 7 | 6 |
| Техничка изведба | 8 | 8 | 7 |
| Иновација | 9 | 7 | 6 |
| Мултиплеер потенцијал | 8 | 9 | 7 |
| Вкупен впечаток | 9 | 8 | 7 |





## Филип Лазаревски, професионален војник и армиски футсал-репрезентативец

# Најдобар голман во регионот

На спортски план, крајот на минатата година помина во знакот на футсал-тимот на македонската армија. Имено, во октомври, натпреварувачите во футсал, на познатиот „Футсал-куп за мир“ во Колашин (Црна Гора), во фудбалската „пресметка“ со 5 земји (армии од регионот), го освоија третото место (што е наш најдобар пласман во 15-годишната историја на турнирот), а во декември (во конкуренција на 16 екипи), триумфираа на Меморијалниот турнир во мал фудбал, кој традиционално секоја година се игра во чест на загинатите припадници на македонските безбедносни сили. За задоволството од овие успеси да биде поголемо, се погрижи професионалниот војник, разводник Филип Лазаревски, кој беше прогласен за најдобар голман на „Футсал-купот за мир“.

Станува збор за голман кој во својата дведецениска кариера „го чуваше голот“ на повеќе клубови, а беше и член на македонската репрезентација до 19 години. Ова искуство му овозможи изминатите две години извонредно




да се вклопи и во армиската футсал-селекција, како еден од најзаслужните за досегашните резултати. Тоа, пак, го прави голем адут за поголеми успеси (тимски и лични) во иднина, што е причина за неговото гостување на страниците на „Штит“.

**Од кога сте во фудбалот и како се одвиваше Вашата кариера како голман?**

- Фудбалот ме привлекуваше уште од најмала возраст, а со тренинзи како голман започнав на 7-годишна возраст. Младите категории ги поминав во „Металург“, каде што стигнав и до првиот тим на клубот. Потоа бев член на клубовите: „Слога – Виница“, „Кадино“, „Воска спорт“, „Скопје“, „Работнички“, „Шкупи“, „Тетекс“, „Кораб“, „Илинден“, „Борец“, „Еуромилк ГЛ“, „Беласица“ и „Вардарски“. Од јуни 2025 година сум во „Осогово“, иако професионалната кариера практично ја завршив пред 4 го-

## Фудбалски судија и дипломец на ФФОСЗ

Освен меѓу стативите (како голман во фудбал и футсал), разводник Лазаревски веќе втора година гради кариера и како судија. Имено, тој во моментов ја дели правдата на фудбалските натпревари од четвртата регионална лига, како и на детски мечеви.

Дополнително, од пред пет години, Лазаревски е и дипломиран професор по физичко образование, спорт и здравје, откако успешно ги заврши студиите на Факултетот за ФОСЗ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.



дини (на 25-годишна возраст). На ваков чекор се решив поради лошите услови и немањето можност за просперитет во „големиот“ фудбал.

**Кои достигнувања ги издвојувате како најзначајни во досегашната кариера?**

- Пласманот во третото квалификациско коло во Лигата на Европа со „Металург“. Со истиот клуб, во помладите категории, 4 години по ред ги освојував лигата и купот за кадети и младинци. Тука ќе ги споменам и успесите со армискиот футсал-тим (прво и трето место на турнирите во Скопје и во Колашин), како и трофејот за најдобар голман на „Футсал-купот за мир“ во Колашин.

**Да се префрлиме на армиската кариера. Зошто се одлучивте за професијата професионален војник?**

- Во Армијата сум веќе петта година како професионален војник во Противвоздушна одбрана (ПВО) во касарната во Петровец. Најзаслужен за мојата одлука да започнам војничка кариера беше татко ми Небојша. Тој, како припадник на специјалната единица „Волци“ (сега е пензиониран), ми беше најголем мотив и поддршка да се решам на овој чекор и да останам на двете полиња (и професионален војник и фудбалер). Сакам ред и дисципина, па затоа и можам да кажам дека се пронајдов во оваа професија и воедно да ја продолжам спортската кариера како голман на армиската футсал-репрзентација.



**Дали е тешко да ги усогласите обврските и на двете полиња, и војничките и спортските?**

- Ако го сакаш спортот нема никаква тежина, се наоѓа време за сè, и на професионален и на личен план. Впрочем, во Армијата многу се посветува внимание на спортот и целта е преку него успешно да ја претставиме државата на меѓународна сцена. Затоа и ни се овозможени сите потребни услови за работа и за тренинг.

**За крај, кои се Вашите планови и очекувања во 2026-тата година?**

- Очекувам напредок и на професионален и на спортски план, каде што секој нов натпревар е ново докажување и борба за потврда, но и за надминување на претходните успеси. Ние, кои сме во македонскиот армиски футсал-тим ќе имаме голем предизвик во ноември, кога во Скопје треба да се одржи 16. регионален футсал-куп за мир. Како домаќини на овој силен турнир ќе се бориме за повисок пласман од ланското трето место, а мојата лична цел е да го задржам рејтингот на најдобар голман во регионот - истакна на крајот од разговорот разводник Филип Лазаревски. ■



# „ЖИВОТОТ И СУДБИНАТА" Василиј Гросман

## РОМАН ЗА ВОЈНАТА КАКО СУДИР МЕЃУ ЧОВЕКОТ И СИСТЕМОТ

Романот „Животот и судбината" на Василиј Гросман претставува едно од најмоќните и најхрабрите книжевни сведоштва за Втората светска војна, но и за тоталитарната природа на 20 век. Романот е напишан во 1950-тите години, а објавен е дури по смртта на авторот. Овој роман долго време се сметал за опасно четиво, токму затоа што не се вклопувал во официјалната советска идеологија. Денес, тој се чита како универзален текст за судбината на човекот, заробен меѓу идеологиите, војната и стравот.

Главната тематика на романот е познатата битка за Сталинград – еден од најкрвавите и најпресудни судири во историјата. Но, Гросман не ја користи војната само како историска позадина. Таа е симбол на судирот помеѓу поединецот и системот, меѓу човечката совест и државната машинерија. Преку голем број ликови – научници, војници, мајки, затвореници, офицери и партиски функционери – авторот создава мозаик на човечки судбини кои се „кршат" под тежината на историјата.

Една од централните идеи на романот е паралелата меѓу нацистичкиот и сталинистичкиот тоталитаризам. Гросман смело укажува дека и покрај идеолошките разлики, двата системи функционираат на слични принципи: апсолутна контрола, уништување на индивидуалноста и оправдување на злосторствата во име на „висока цел". Токму поради оваа споредба, романот бил конфискуван од КГБ, а авторот бил практично замолчен. Посебна тежина имаат деловите посветени на концентрационите логори и гетата. Како воен дописник, Гросман бил меѓу првите што пишувале за холокаустот, а неговите описи се потресни, прецизни и лишени од патетика. Злото во романот не е апстрактно – тоа е секојдневно, бирократско и често банално, што го прави уште пострашно.

Наспроти системското насилство, Гросман ја претставил и тивката, но упорна човечка добрина преку мали гестови – сочувство, љубов, солидарност, што според него е единствената вистинска форма на отпор. Отпорот не е херојството на пропагандата, туку моралниот избор на поединецот е она што ја одредува вистинската вредност на човекот. Со својот обем, структура и филозофска длабочина, романот „Животот и судбината" честопати се споредува со „Војна и мир" на Толстој. Но, за разлика од класичниот еп, романот на Гросман е мрачен, трезвен и без илузии. Тој не нуди утеха, туку вистина – болна, но неопходна. Денес, во време кога повторно се соочуваме со војни, пропаганда и авторитарни тенденции, „Животот и судбината" не е само историски роман. Романот е предупредување, потсетник дека судбината на светот секогаш започнува од судбината на поединецот и од неговата способност да остане човек. ■





# Кирил Македонски, маестро на македонскиот музички идентитет

Кирил Македонски е роден во Битола во 1925 година, град чии звуци, ритам и атмосфера пресудно го обликуваа неговиот музички сензибилитет. Уште од најраните детски години, шетајќи низ чаршијата по Широк сокак и покрај реката, тој го градел својот слух, додека виолината постепено станувала неговиот прв и најискрен музички јазик.

Образованието и професионалниот пат го водат надвор од границите на Македонија, но духот на татковината останува трајна и неисцрпна инспирација во неговото творештво.

Во 1954 година ја создава првата македонска национална опера „Гоце (напишана за македонскиот револуционер Гоце Делчев), дело со кое трајно го обележува развојот на македонската музичка култура. Следуваат оперите „Цар Самуил“ (1966) и „Илинден“ (1972), композиции со силна историска и национална симболика. Овие дела настанале во исключително скромни услови, често без инструмент, потпирајќи се исклучиво на слухот, внатрешната музичка визија и строга творечка дисциплина.

Покрај оперското творештво, Македонски создава и камерни дела, музика за радиодрами и театарски претстави, за краткометражни филмови, како и за играниот филм „Македонска крвава свадба“.

И покрај релативно краткиот живот – починал во Скопје во 1984 година – Кирил Македонски зад себе остави обемно и разновидно творештво, вклучувајќи симфонии, камерна и вокална музика, како и музика за театар, радио и филм. Значаен дел од неговиот опус и денес останува необјавен и недоволно истражен, што сведочи за длабочината и обемот на неговата уметничка оставнина.

По повод одбележувањето на 100 години од раѓањето на истакнатиот македонски композитор Кирил Македонски, во НУ „Завод и музеј“ во Битола е отворена Спомен-собата на Кирил Македонски. Сето она што го остави зад себе овој композитор е донирано од неговото семејство, а колекцијата опфаќа бројни предмети од исклучително значење за македонската културна историја. Со донацијата на значаен дел од неговиот легат, споменот и творештвото на Кирил Македонски трајно се враќаат во неговиот роден град. Кирил Македонски е носител и на меѓународното признание „Диплома за музикотерапија“, издадено од Меѓународниот биографски институт од Кембриџ, Англија. Во публикација на УНЕСКО, преку Националната комисија за Белгија, тој е забележан и како истакнат деец во областа на музикотерапијата на светско ниво. ■







# „Број 24“

„Број 24“ на „Нетфликс“ е норвешки воен филм заснован на вистинската приказна за Гунар Сонстеби – легендарна фигура од норвешкото движење на отпорот во Втората светска војна. Филмот ја следи неговата работа под псевдонимот „Број 24“, прикажувајќи како тој и неговата група храбри борци се спротивставуваат на нацистичката окупација преку внимателно планирани саботажи и атентати. Освен акцијата, приказната длабоко навлегува во моралните дилеми и личните жртви што ги носела борбата за слобода.

„Дали вредеше сето тоа? На тоа нема лесен одговор. Колку вреди слободата?“, вели ветеранот Сонстеби кога ја споделува својата животна приказна. Ова прашање е централна нишка во филмот на режисерот Џон Андреас Андерсен – прашање без едноставни одговори.

Сонстеби ги опишува своите спомени како пет фиоки во сопствениот ум. Првите три ги отвора речиси секојдневно, четвртата, исполнета со поболни моменти, само повремено, а петтата, најтешката, останала затворена уште од 1945 година. Иако за него е недостапна, Андерсен внимателно ѝ пристапува, нудејќи увид во најмрачните избори што ги правеле тој и неговите соборци во тие тешки времиња.

Филмот се движи меѓу сегашноста и минатото. На почеток го гледаме младиот Сонстеби пред војната – безгрижен, на скијање со својот најдобар пријател, во период кога вестите за подемот на нацистите уште се чинат далечни. Нивното различно гледиште за претстојната опасност ќе ги одведе по различни животни патеки, разидувања кои ќе го следат Сонстеби цел живот.

Андерсен силно го акцентира човечкиот аспект – психолошкиот товар од постојаното живеење на „еден чекор пред смртта“. Акционите сцени – уништување на инфраструктура, ликвидации на соработници – се присутни, но никогаш не се во центарот на вниманието. Тие служат како контекст за внатрешните борби, стравови и лични страдања.

Филмот е режиран во документарен стил, со префинети премини меѓу современа и воена Норвешка. Операциите на саботажа ја оживуваат опасноста од минатото, но суштината лежи во двојниот поглед на старото и младото „јас“ на Сонстеби. Како што доликува на документарен пристап, Андерсен не дава пресуди, туку остава прашањата да одекнуваат, особено преку реакциите и дилемите на студентите кои го слушаат ветеранот. Тие, како генерација која е далечна од војната, го доведуваат во прашање насилството, трагајќи по одговори што филмот намерно не ги нуди. Филмот „Број 24“, без разлика на националноста на гледачот, со суптилност и голема емпатија ја прикажува вистинската цена на секој конфликт. Цена што не исчезнува ни децении после последниот истрел. ■

**Режисер: Џон Андреас Андерсен, Сценарио: Ерленд Ло, Вибеке Идсое, Кристофер Грендал, Продукција: Терје струмштад, Џон М. Јакобсен, Улога: Сјур Ватне Брин, ,Ерик Хивју, Филип Хелгар, Магнус Дагдејл, Лиза Ловен Конгсли, Бенџамин Михре, Музика: Кристофер Ло, Премиера: Норвешка, 30 октомври 2024 година**

# ВОЕНИ ФОТОРЕПОРТЕРИ





Роџер Фентон (28 март 1819 – 8 август 1869) бил британски фотограф, познат како еден од првите воени фотографи. Фентон е роден во трговско семејство во Ланкашир. Тој дипломирал уметност во Лондон, но набрзо се заинтересирал за фотографијата. Откако видел примери на тогаш најновата уметност, фотографијата, на Големата изложба во 1851 година тој мошне се заинтересирал за оваа нова техника. За само една година откако почнал да се занимава со фотографија, тој започнал да изложува и свои фотографии. За многу кратко време Фентон станал водечки британски фотограф и клучна фигура за основањето на Фотографското друштво (подоцна Кралското фотографско друштво). Во 1854 година тој добил задача да ги документира настаните што се случуваат на Крим и станал еден од малата група фотографи кои изработувале фотографии од последните фази на Кримската војна. Во 2005 година, 90 слики на Фентон биле вклучени во посебна изложба посветена на овој „најважен фотограф од деветнаесеттиот век“ во галеријата „Тејт Британија“ во Лондон. Во 2007 година Фентон бил примен во музејот и во Меѓународната фотографска куќа на славните. ■





# Портрет на Доне Тошев или Дончо Штипјанчето – македонски революционер



Од приватната архива на Душко Апостолоски и Диме Ратајкоски.